**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ**
Број 19-3459/
30 септември 2014 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Четиринаесеттата седница одржана на 25, 26 и 30 септември 2014 година, како матично работно тело го разгледа

**Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година**

Образложение по Предлогот на Буџетот даде министерот за финансии, Зоран Ставрески. Тој истакна дека Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година е концепиран во насока на обезбедување на фискална одржливост, односно воспоставување на стабилна фискална позиција на долг рок. Буџетот претставува одраз на економските политики, очекувањата и проектите кои треба да обезбедат економски раст и благосостојба на граѓаните. Во 2014 година според макроекономските параметри продолжи трендот на раст на економската активност, но со повисок интензитет во однос на претходната година. Во првиот квартал реалната стапка на раст на БДП изнесуваше 3,5%, а во вториот квартал растот достигна 4,3% со што просечниот раст во првата половина од 2014 година изнесува 3,9%. Споредено со останатите земји од регионот и Европската Унија, единствено Велика Британија има повисок економски раст од Република Македонија. Растот на БДП е резултат на позитивните стапки на раст на сите сектори, но најголем придонес има градежништвото и тоа за 5,6% во првата половина од 2014 година. Индустриското производство продолжува со позитивните движења и во првата половина од годината достигна стапка на раст од 4,7%, пред се како резултат на растот на преработувачката индустрија. Во рамки на истата позначителен раст забележаа производството на моторни возила, машини и уреди, електрична опрема и производи од гума и пластични маси, под влијание на зголеменото производство на капацитетите во слободните економски зони, а дополнителен позитивен придонес имаше и производството на облека, текстил, прехранбени производи и пијалоци. Услужниот сектор во првата половина од 2014 година забележа раст од 2,7% во чии рамки секторите финансиски дејности и дејности на осигурување и информации и комуникации забележаа највисоки стапки на раст од 4,2%, додека дејностите трговија, транспорт и угостителство забележаа раст од 4%. Во првата половина од годината растот е придвижен од

извозот (13%), но позитивен придонес имаа и бруто инвестициите (5,9%) и потрошувачката (3,1%). Растот на извозот на стоки главно е резултат на зголемениот извозен потенцијал на земјата и истиот е придружен со промена на структурата на извозот кон производи со повисока технолошка вредност, согласно движењето на индустриското производство, што се должи на производството и извозот од капацитетите во ТИРЗ и индустриските зони. Во првата половина од 2014 година извозот на машини и транспортни уреди забежа раст од 97%, а извозот на хемиски производи од 29%. Зголемување на извозот се забележува и кај традиционалните извозни сектори. Извозот на храна бележи раст од 7%, а извозот на готови производи забележа раст од 13%. Растот на бруто инвестициите соодветствува со растот на градежната активност, односно реализацијата на капиталните проекти на јавниот сектор и зголемените странски директни инвестиции во земјата. Растот на потрошувачката е поттикнат од зголемениот број на вработени, кој во првата половина од годината е за 2% повисок во однос на истиот период во 2013 година. Странските директни инвестиции во првата половина од годината изнесуваат 132,5 милиони евра и се повисоки за 12,1% споредено со истиот период од 2013 година. Позитивните движења во реалниот сектор се одразија и на пазарот на работната сила, така што стапката на невработеност во вториот квартал од 2014 година се намали на 28,2% и е за дополнителни 0,6 процентни поени пониска споредено со истиот квартал од претходната година. Досегашните економски остварувања, здравите макроекономски политики и агендата на Владата исполнета со голем број на проекти се цврста основа за продолжување на ваквите позитивни економски движења во 2015 година. Единствен ризик претставува надворешното економско опкружување, односно Европската Унија како најзначаен трговски партнер на земјата, имајќи во предвид дека закрепнувањето на економијата на ЕУ е сеуште ранлива, иако се предвидува умерено интензивирање на растот. Во 2015 година глобалниот економски раст се очекува да биде умерен, околу 4% според ММФ, а во еврозоната се очекува растот да остане низок, односно 1,5% според ММФ. Во услови на економска криза економската активност во ЕУ се потпираше на извозот, додека денес економиите на земјите членки на ЕУ се повеќе се придвижени од домашната побарувачка. Надолни ризици за глобалниот раст и растот во ЕУ и понатаму се присутни и тоа поради геополитичките случувања и слабеење на деловното опкружување во ЕУ, што може да резултира со евентуална стагнација на клучните економии во ЕУ. Кризата во Украина чија разрешница сеуште не е на повидок, меѓудругото предизвика економски потреси како резултат на воведувањето на санкции и прекин на надворешно трговските текови. Имајќи го ова во предвид во Република Македонија се очекува реалниот раст на БДП во 2015 година да изнесува 4%. Позитивниот раст на индустриското производство се очекува да продолжи и во 2015 година при што проекцијата изнесува 4,4%, додека градежништвото се очекува да оствари стапка на раст од 7,5%. Растот на земјоделието е предвидено да изнесува 2,5%, а услужниот сектор се очекува да забележи стапка на раст од 3,3%. Бруто инвестициите во 2015 година се очекува да остварат раст од 8% на реална основа. Проекциите за раст се засноваат на постепениот пораст на приватните инвестиции, придвижени главно од странските директни инвестиции и на зголемувањето на буџетските капитални расходи. Во таа насока предвидена е реализација на крупни капитални проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем. Во 2015 година се очекува личната потрошувачка да достигне раст од 3%, како резултат на зголемување на платите и бројот на вработени, додека стапката на раст на јавната потрошувачка се очекува да изнесува 1,2%. Извозот на стоки и услуги се очекува да оствари реален раст од 8,5% како резултат на зголемената активност на постојните и отворање на

нови извозни капацитети што ќе придонесе кон понатамошно подобрување на структурата на извозот. Во 2015 година се очекува раст на увозот од 7,4% на реална основа. Стапката на инфлација и понатаму се очекува да остане ниска и стабилна и истата е проектирана на ниво од 2%. Позитивни движења на пазарот на трудот се очекуваат и во 2015 година, при што бројот на вработени е предвидено да се зголеми за 2,7%, што ќе резултира со дополнително намалување на стапката на невработеност. Се очекува отворање на нови работни места од постојните и новите инвестиции во слободните економски зони, како и преку активните мерки на пазарот на трудот. Како резултат на очекуваната динамика на пораст на странските директни инвестиции и очекувањата за умерен дефицит на тековната сметка на платниот биланс од 4% од БДП, екстерната позиција се очекува да остане стабилна, со одржување на девизните резерви на адекватно ниво. Стабилниот курс на денарот во однос на еврото ќе се задржи и во 2015 година, во функција на одржување на ценовната стабилност како крајна цел на монетарната политика. Буџетот за 2015 година е во функција на исполнување на приоритетите на Владата, односно поддршка на стопанството и приватниот сектор преку капитални инвестиции, но и поддршка на стандардот на граѓаните. Имено, фискалната политика и понатаму ќе биде во функција на одржување на макроекономска стабилност и поттикнување на економскиот раст како основни услови за зголемување на вработеноста и унапредување на животниот стандард. Вака дефинираните цели на фискалната политика подразбираат натамошна строга контрола на јавните финансии, континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи и значително учество на капиталните инвестиции во вкупните расходи. Проекцијата на јавните финансии се базира на определбата за нивната етапна консолидација во согласност со иницијативите за измени на Уставот на Република Македонија и воведување на фискални правила, а согласно очекувањата за остварување на позитивни стапки на раст, како и ефектите од планираните структурни реформи и очекуваните приливи од странските директни инвестиции. Основни параметри кои се земени во предвид при планирање на Буџетот за 2015 година се движењата во европската економија и остварувањата во македонската економија во текот на 2014 година. Вкупните приливи на консолидираниот Буџет за 2015 година се планирани на ниво од 163,280 милиони денари, додека расходите на ниво од 181,777 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 3,5% од БДП. Утврдените проекции на Буџетот за 2015 година обезбедуваат поддршка на македонската економија која ќе се реализира во доменот на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци. Приходите се проектирани во услови на задржување на ниски даночни стапки кои придонесуваат за стимулирање на бизнисот, јакнење на даночната дисциплина и спречување на нелојалната конкуренција. Во структурата на приходите најголемо е учеството на даночните приходи и социјалните придонеси, на кои отпаѓаат околу 84,3%. Даночните приходи се планирани во износ од 88,955 милиони денари, во рамки на кои најголемо учество имаат приходите по основ на данокот на додадена вредност, што сооодветствува со очекуваниот раст на потрошувачката, порастот на увозот и подобрување на фискалната дисциплина кај даночните обврзници преку воспоставувањето на постојана електронска комуникација за следење на готовинскиот промет во реално време. Социјалните придонеси е планирано во текот на 2015 година да се остварат на ниво од 48,717 милиони денари во кој износ е вклучен и ефектот од законските измени за плаќање на придонеси на приходите остварени по основ на авторски договори. Останатите буџетски приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи и капитални приходи. Во 2015 година по основ на донации предвидени се 4,378 милиони денари кои буџетските корисници е планирано да ги реализираат на сметките на сопствени приходи за конкретни проекти. Расходната

страна на Буџетот на Република Македонија е во функција на поддршка на растот на македонската економија преку инвестирање во значајни инфраструктурни проекти, одржување на социјалната сигурност и стабилност, како и подобрување на економската положба и животниот стандард на населението, пред се на најранливите категории на граѓани. Исто така ќе се продолжи со определбата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци без притоа да се наруши нормалното функционирање на буџетските институциии. Вкупните расходи се планирани во износ од 181,777 милиони денари во функција на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски и продолжување на започнатите инфраструктурни проекти. Тековните расходи кои се планирани за 2015 година се повисоки за 4% во однос на претходната година, што се должи на предвиденото зголемување на платите, пензиите, социјалните надоместоци и зголемените средства за здравствени услуги. Во планираниот износ на плати е планиран и ефектот од зголемувањето на платите на вработените во јавниот сектор за 4%. Социјалните трансфери се проектирани во износ од 82,660 милиони денари при што се опфатени ефектите од политиката за поддршка на пензионерите и корисниците на социјална помош. Во текот на 2015 година 45,570 милиони денари се наменети за исплата на пензии со што околу 301.660 пензионери ќе добијат зголемување на пензиите за 5% во просек започнувајќи со исплатата на пензиите во месец октомври 2015 година. За исплата на паричен надоместок во случај на невработеност за невработените лица планирани се средства во износ од 1,4 милиони денари, додека за спроведување на активните политики и мерки за вработување планирани се 325 милиони денари. За здравствена заштита планирани се средства во износ од 23,513 милиони денари со цел унапредување на здравјето и користењето на придобивките од современата медицинска опрема и најновите медицински методи и протоколи. Во Буџетот за 2015 година предвидени се и средства за редовно и навремено исплаќање на обврските по основ на правата од социјална заштита на ранливите категории на граѓани, во рамки на истите ќе биде реализирано зголемувањето на социјалната помош за 5% започнувајќи од јуни, со исплата во јули 2015 година. Истовремено, планирани се средства за поддршка на функционирањето на постојните дневни центри и народни кујни, како и средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија на најранливите категории на граѓани. Расходите за субвенции и трансфери вклучуваат субвенции во земјоделието во вкупен износ од 140 милиони евра наменети за поддршка на земјоделието, со цел создавање на услови за изградба на ефикасен и конкурентен земјоделски сектор, негова успешна интеграција во ЕУ, зголемување на извозот на македонските земјоделски производи и освојување на нови пазари. Во Буџетот за 2015 година за капитални проекти предвидени се 21,209 милиони денари. Значителен износ на средства од Буџетот за 2015 година се издвојува за реализација на Проектот за доизградба на Коридорот 10, на делницата Демир Капија-Смоквица. Предвидено е да се инвестираат 3,398 милиони денари во изградба на модерна автопатска делница за комплетирање на Коридорот 10. Овој Проект се финансира со користење на кредитно задолжување од ЕБОР и ЕИБ, како и средства од ИПА фондовите.Во однос на инвестиционите вложувања на Јавното претпријатие за државни патишта до крајот на 2014 година ќе заврши изградбата и рехабилитацијата на локалните и регионалните патишта поддржана со кредити од Светска банка, додека во 2015 година ќе се продолжи со рехабилитацијата на локалните и регионалните патишта поддржана со кредитни средства од ЕБРД. Истовремено, во 2015 година ќе продолжи реализацијата на патните правци Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид кои значително ќе ја подобрат патната инфраструктура, а со Проектот за изградба и инсталација на електронскиот систем за наплата на патарини долж Коридорот 10 ќе се воведе електронски систем за

наплата на патарини на постојните наплатни станици и ќе се изградат и опремат уште четири нови наплатни станици. Во тек се преговори со Светска банка за рехабилитација и реконструкција на државни патишта која ќе се одвива во две фази, чија вкупна инвестициона вредност се планира да изнесува околу 150 милиони евра, а се водат и преговори со ЕБРД за реконструкција на државни патишта во износ од 160 милиони евра, чија реализација ќе се одвива во две фази. Капиталните расходи наменети за железничката инфраструктура во Буџетот за 2015 година се предвидени на ниво од 1,311 милиони денари. Во овие рамки ќе продолжи реконструкцијата на железничката пруга на Коридорот 10 финансирана со заем од ЕБОР, при што во рамките на овој Проект се врши ремонт на повеќе делници на железничкиот Коридор 10, со што ќе се подобри протокот на патници на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај. Истовремено, во текот на 2015 година во рамки на проектот за изградба на источниот дел од Железничкиот Коридор 8- делот кон Република Бугарија, ќе започне да се реализира втората делница Бељаковце-Крива Паланка со средства од ЕБОР. Во 2015 година ќе продолжи реализацијата на Проектот " Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД Скопје финасиран со заем од ЕБРД во рамки на кој ќе се изврши обнова на возниот парк на МЖ Транспорт. За вложувања во енергетската и комуналната инфраструктура во Буџетот се проектирани капитални инвестиции во износ од 2,015 милиони денари. Во овие рамки е предвидено интензивирање на активностите околу изградба на Националниот гасоводен систем кој ќе се финансира со средства од обврските на Руската Федерација кон Република Македонија, буџетско кофинансирање како и заеми од ЕБОР и останати меѓународни институции. Во 2015 година ќе продолжи изградбата на водоводните и канализационите системи во општините финансирани од буџетски извори и со средства од кредитни линии од Светска банка, ЕИБ, КФВ банката, како и од ИПА фондовите наменети за рурална инфраструктура. Со средствата од ЕИБ во вкупна вредност од 49,3 милиони евра ќе се финансира водоснабдување и одведување на отпадни води, истите се распределени во сите општини( во 2015 ќе се повлечат 240 милиони денари), а за завршување на водоводите и канализациите во осум општини ( Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Неготино, Радовиш и Тетово) за кои се користат кредитни средства од КФВ банката во вкупен износ од 8,6 милиони евра ( во 2015 година е планирано да се реализираат 59 милиони евра). Во Буџетот за 2015 година планирано е и уредување на Технолошко индустриските развојни зони и за оваа намена во Буџетот се планирани 553 милиони денари. За здравствениот сектор планирани се 1,488 милиони денари, за образованието, детската заштита и спортот проектирани се капитални инвестиции во износ од 2,204 милиони денари, додека за поддршка на земјоделскиот сектор предвиден е зголемен обем на капитални инвестиции во износ од 2,013 милони денари. Во Буџетот за 2015 дефицитот се планира на ниво од 3,5% од БДП и финансиските средства за проектираниот дефицит и отплатата на долговите кон странство се воглавно обезбедени преку издавањето на Еврообврзницата на меѓународниот пазар на капитал, а останатиот износ ќе се обезбеди од странски извори. Во однос на задолжувањето на домашниот пазар ќе се врши рефинансирање на хартиите од вредност кои достасуваат во 2015 година , без ново задолжување.Притоа, основна заложба на Министерството за финансии ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност и посебен акцент ќе биде ставен на издавање на државни обврзници со рок на достасување од два, три, пет и десет години со цел оптимизација на исплатите и намалување на ризикот за рефинансирање. Долгот на Централната Влада на Република Македонија заклучно со месец јули 2014 година изнесува 3.303,8 милиони евра или 40,8% од БДП. Република Македонија и понатаму останува ниско задолжена земја со државен долг кој е понизок

од пропишаниот со Мастришкиот критериум, според кој државниот долг не смее да надмине 60% од БДП.

Во претресот учествуваа пратениците: Крсто Мукоски, Реџаил Исмаили, Владанка Авировиќ, Каљтрина Азизи, Лилјана Кузмановска, Љупчо Димовски, Трајчо Димков, Олга Најденовска, Благоја Деспотовски, Зоран Илиоски, Димитар Стевананџија, Весна Пемова, Ане Лашкоска, Фатмир Имероски, Стојан Миланов, Соња Талевска, Андон Чибишев, Весна Дамчевска-Илиевска, Драган Цуклев, Светлана Карапетрова, Ромео Тренов, Момчило Аврамовски, Сашо Аќимоски, Лилјана Затуроска, Магдалена Манаскова, Никола Мицевски, Иван Иванов, Нада Ципушева, Ѓоко Камчев, Нола Исмајлоска, Сузана Секулоска, Јасмина Дамческа, Марија Анѓелова, Зоран Ѓорѓиевски, Владимир Ѓорчев, Ѓорѓи Коџабашиев, Благица Ласкоска, Вјолца Мехмети- Нуредини, Александар Стојкоски, Марјанчо Колевски, Алим Билали, Драган Данев, Благородна Бојаџиева и Рамиз Мерко.

Во расправата беа изнесени следните мислења:

Беше изнесено дека Предлогот на Буџетот за 2015 година е концепиран согласно макроекономските претпоставки и истиот е одраз на економските политики на Владата. Владата и понатаму продолжува со политиката за поддршка на стопанството и приватниот сектор и зголемување на животниот стандард на граѓаните. Во 2015 година се очекува реалниот раст на БДП да изнесува 4% и истиот е меѓу највисоките во регионот и земјите од ЕУ. Истовремено значајно е да се нагласи дека буџетскиот дефицит е намален од 3,9% во 2014 година на 3,5% во 2015 година, што во услови кога значителни средства во Буџетот се наменети за инфраструктурни проекти позитивно ќе влијае на економскиот раст и одржување на стабилна фискална позиција. Со овој Буџет се предвидува зголемувања на платите, пензиите и социјалните трансфери што ќе обезбеди социјална сигурност и стабилност и подобрување на животниот стандард на граѓаните. Споредено со останатите земји од регионот Србија, Хрватска, Словенија и други, Република Македонија е единствената земја во која имаме зголемување од 4% на платите во јавниот сектор, зголемување на пензиите од 5% и зголемување на социјалните трансфери за ранливите категории на граѓани за 5%. Истовремено продолжува определбата на Владата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка, односно контрола на непродуктивните трошоци, без притоа да се наруши нормалното функционирање на буџетските корисници. Со Буџетот за 2015 година се предвидува стапката на невработеност да се намали за 2,7%, односно истата да изнесува околу 26%. Ако се направи споредба со 2005 година кога стапката на невработеност достигна рекордно високо ниво од 38% може да се заклучи дека оваа Влада води здрави економски политики кои се цврста основа за продолжување на позитивните економски движење и во иднина. Привлекувањето на странски директни инвестиции, стимулирањето на домашните компании преку кредитирање на евтини работни линии, постојните и нови инвестиции во слободните економски зони и активните мерки на пазарот на трудот ќе влијаат на отварање на нови работни места и зголемување на вработеноста. Буџетот за 2015 година е развоен бидејќи се зголемуваат капиталните расходи, односно капиталните инвестиции кои претставуваат движечка сила на економијата. Се предвидува за вложувања во капитални проекти од Буџетот за 2015 година да бидат наменети 21,209 милиони денари. Овие средства ќе бидат наменети за реализација на проекти од патната инфраструктура, железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, гасификација, водоводни и канализациони системи, изградба и реконструкција на објекти во областа

на здравството, образованието и детската заштита. Во функција на поддршка на земјоделскиот сектор се зголемуваат и капиталните инвестиции во земјоделството, а со цел обезбедување на рурален развој, модернизација на земјоделските стопанства и зголемување на нивната конкурентност. Во 2015 година Владата ќе продолжи да води политика на ниски даноци што ќе придонесе за стимулирање на бизнис секторот и јакнење на даночната дисциплина. Се укажа дека Буџетот за 2015 година Владата го проектира во услови на непредвидливо надворешно опкружување. Имено заздравувањето на европската економија, особено на државите со кои Република Македонија има најголема трговска размена не се движи со очекуваниот интензитет особено поради ескалацијата на кризата во Украина и блокадите на надворешно-трговската размена помеѓу европските држави од една и Русија од другата страна. Меѓутоа Владата преку успешното управување со јавните финансии покажа дека и во услови на нестабилно економско опкружување, успеа да ја извлече државата со минимални последици од кризата и во вакви околности да биде постигнат висок економски раст. Несомнено дека и со овој Буџет, како основен инструмент на економската политика ќе бидат остварени зацртаните цели за поддршка на реалниот сектор и на стандардот на граѓаните, што ќе резултира со остварување на проектиранта стапка на раст од 4%. Буџетот за 2015 е резултат на остварувањето на економијата во изминативе години и она што се очекува да се оствари во 2015 година. Треба да се потенцира активната економска политика на Владата која со одржувањето и зголемувањето на високото ниво на капитални инвестиции, финасирани од Буџетот ( како на планираните така и на високиот процент на нивна реализација) овозможи ангажман на македонската градежна оператива, на сите индустриски гранки кои што го опслужуваат градежништвото. Покрај капиталните инвестиции политиката на оваа Влада за привлекување на странски директни инвестиции, кредитирањето на домашното стопанство со ефтини кредити преку МБПР, отварање индустриски зони, овозможија раст и на приватните домашни и странски инвестиции. Во услови на криза, постојано се зголемуваше и поддршката на земјоделието како преку директни плаќања- субвенции, така и преку проектите за рурален развој. Тоа овозможи проширување на земјоделското производство и раст на извозот на земјоделските производи. Активната економска политика не изостана ни во однос на зголемување на стандардот на граѓаните, зголемувањето на социјалните трансфери, пензиите и платите, што заедно со зголемувањето на вработеноста имаше позитивен одраз врз зголемувањето на личната потрошувачка која заедно со капиталните јавни и приватни инвестиции ја движеше економијата во услови на рапидно намалена екстерна побарувачка како последица на кризите во Европа. Сите овие позитивни економски движења во услови на нестабилно економско опкружување беа реализирани без притоа да се зголемат даноците и придонесите, додека останатите земји во Европа преземаа вакви мерки. Во оваа насока значајно е да се истакне дека стапките на данокот на додадена вредност, кој има најголем удел во даночните приходи, не само што не се зголемија, туку постојано се проширувашe опфатот на производи со повластена даночна стапка од 5%, што значеше директно намалување на стапката на ДДВ од 18 % на 5%. Се намали стапката на ДДВ од 18 % на 5% на прометот со лекови , медицински матерјали ортопедски помагала, земјоделски репроматеријали и механизација, комунални услуги, вода за наводнување,соларни колектори, компјутери,сурово масло за јадење, бебешки производи,училишен прибор, сточна храна итн. Персоналниот данок на доход до 2006 година се оданочуваше на три нивоа со прогресивни стапки 15, 18 и 24% за да во 2007 година се воведе пропорционална стапка од 12%, а од 2008 година истата се намали на 10% што е во интерес на сите македонски граѓани. Во 2014 година продолжи растот на економската активност но со побрз интензитет. Во првиот квартал БДП забележа раст од 3,9 %, додека во во

вториот квартал 4,3 % што е второ најголемо остварување во Европа.Највисок раст забележа градежништвото над 13 %, а индустријата 4 %. Во 2015 година се очекува стапката на економски раст да изнесува 4%. Ќе продолжи изградбата на значајни инфраструктирни проекти како и непосредна реализација на веќе најавените директни странски инвестиции. Со Буџетот за 2015 година продолжува реализација на капитални инвестиции финансирани со буџетски средства, продолжува реализацијата на инфраструктурни проекти финансирани преку јавното препријатие за државни патишта и државните енергетски компании. Субвенциите во земјоделието се планирани на 140 милиони евра. Значаен двигател на економијата за 2015 треба да биде и растот на домашната потрошувачката преку растот на стандардот на граѓаните кој е генериран од растот на платите на вработените во јавната администрација од 4% од октомври годинава, социјалната помош од месец јуни 2015 година и растот на пензиите за 5% од месец октомври 2015 година. Растот на домашната потрошувачка особено треба да биде генериран од растот на вработеноста остварена со непосредна реализација на странски директни инвестиции и растот на градежништвото и индустријата. Значајно е да се спомене дека покрај продолжувањето на изградбата на неколку крупни транспортни инфраструктурни проекти продолжува реализација на проекти во канализационата, водоводната и енергетската структура, здравствениот сектор и образованието. Значаен износ на средства се наменети за реализација на проектот за изградба на Коридорот 10, Делницата Демир Капија –Смоквица во должина од 28,2 км, финансиран од ЕБОР, ЕИБ, ИПА фондовите и буџетски средства. Во моментов физичката прогресија е над 50 % и истиот треба да биде завршен до крајот на 2016 година. Со средства од буџетот и заеми од Светска Банка, ЕИБ, КФВ банката, ИПА фондовите продолжува финансирањето на изградба на комунална инфраструктура во општините, односно на водоводни канализациони системи и локални патишта. Ќе се продолжи и со реализацијата на проектите во здравствениот сектор од кои особено значање е Клиничката болница Мајка Тереза во Скопје, Клиничката Болница во Штип и Тетово и ПЕТ Центарот. За изградба и реконструкција на објекти во областа на образованието, детската заштита и спортот издвоени се 2,204 милиони денари за училишта, студентски домови, детски градинки, спортски сали и терени за спорт и рекреација. За изградба и рехабилитација на патната мрежа Владата во следните четири години планира да инвестира околу 1 милијарда евра. Во железничката инфраструктура, продолжува реконструкцијата на коридорот 10 и интенвизирање на изградбата на пругата кон Бугарија, преку МЖ Транспорт, и почнувајќи од следната година се очекува да пристигнат набавените транспортни и патнички возови кои заедно со реконструкцијата на пругата ке ја зголемат конкурентноста на МЖ Транспорт во патничкиот и товарниот транспорт, што е особено важно ако се имаат во предвид кинеските инвестиции во пристаништата кај нашиот јужен сосед. Инвестициониот циклус ќе се одвива и на полето на водостопанството со инвестициии од над 20 милиони евра годишно наменети за изградба четори големи хироакомулации како и мали хидроакомулации и рехабилитација на редица хидросистеми. Од големо значење е и иницијативата на Владата за формирање на АД за водостопанство. Мегу четирите големи хидроакомулации е и Конска брана које е од исклучително значење не само за општина Гевгелија туку и општините Богданци и Дојран. Овој проект трајно треба да го реши проблемот со снабдување со вода за пиење и наводнување во овој регион и да овозможи полнење на Дојранското езеро по природен пат.

Беше изнесено дека во Предлогот на Буџетот приходите се планирани во износ од 2,65 милијарди евра, додека пак расходите се планирани во износ од 2,95 милијарди евра со што ќе се оствари буџетски дефицит од 300 милиони евра. Расходната страна од Буџетот ја сочинуваат социјалните трансфери со износ од 1,34

милијарди евра и се за 63 милиони евра повеќе во споредба со средствата предвидени за оваа намена во 2014 година. Предвидено е зголемување на социјалната помош и пензиите во текот на 2015 година, а за платите на вработените во администрацијата предвидени се 397,5 милиони евра и се за 14 милиони евра повеќе во однос на 2014 година што е резултат на зголемување на платите за 4%. Во земјоделскиот сектор планирани се субвенции во износ од 140 милиони евра. Капиталните инвестиции во Предлогот на Буџетот за 2015 година се планирани на износ од 344 милиони евра. Исто така има пораст и кај блок дотациите до единиците на локална самоуправа во износ од 7 милиони евра во споредба со 2014 година. Поголем дел од блок дотациите се наменети за основното и средното образование и се со износ од 209 милиони евра. Според некои анализи околу 35% од вкупните блок дотации за основно и средно образование се наменети за општините во кои живеат припадници на албанската заедница. За Министерството за образование и наука во Предлогот на Буџетот за 2015 година се предвидени средства во износ од 295 милиони евра и се за 8,5 милиони евра повеќе споредено со 2014 година. За изградба и реконструкција на основни и средни училишта планирани се 237 милиони денари. Во наредните години се очекува довршување на започнатите капитални проекти во образованието. Ќе се реши проблемот во кумановската гимназија „Сами Фрашери“ каде што образовниот процес се одвива заедно со друго средно училиште со што бројот на учениците го надминува капацитетот на оваа гимназија за нормално следење на наставата. Потребно е да се издвојат средства за довршување на спортските сали во општините Арачиново и Липково. Позитивно беше оценето одвојувањето на средства во Буџетот на Република Македонија за приватните универзитетски институции, како и за факултетите за православни и исламски науки. Во разделот Финансирање на дејностите од областа на културата предвидени се средства за продолжување на реконструкцијата на албанскиот театар во Скопје во износ од 120 милиони денари, за театарот и библиотеката во Тетово 60 милиони денари, конзервативниот центар во Гостивар, музејот на албанската азбука во Битола. Предвидени се средства за реализација на капитални проекти во Минисреството за животна средина и просторно планирање како на пример: пречистителна станица во Гостивар со износ од 47 милиони денари, довршување на каналот во Арачиново со износ од 69 милиони денари, канализациониот систем во Асан-бег 4 милиони денари, пречистителна станица во Сарај 7,8 милиони денари, водовод во Тетово 80 милиони денари, системот за водоснабдување во општина Липково 44 милиони денари, водовод во општина Зајас 59 милиони денари. Во Предлог Буџетот предвидени се средства во износ од 671 милиони денари за државниот универзитет во Тетово, за плоштадот Скендербег во Скопје 3 милиони евра, за ТИРЗ Тетово 30 милиони денари, за Струга 100 милиони денари и за Кичево 60 милиони денари.

Се истакна дека Предлогот на Буџетот за 2015 година се базира на неколку претпоставки од изминатите години: движењето на собирањето на приходите, процентот на нивното реализирање, состојбите во меѓународната економија и во Република Македонија. Приходите се планирани на ниво од 163 милијарди денари, а расходите на 183 милијарди денари со што ќе се оствари буџетски дефицит од 3,5%. Во изминатиот период Република Македонија своите политики ги базираше на два столба: едниот е со прибраните буџетски средства преку даноците да овозможи навременост кај социјалните трансфери меѓу кои исплата на плати, пензии и социјалната помош. Вториот столб е овозможување на вкупната потрошувачка да не стагнира со што ќе се обезбеди раст на домашниот БДП. Случувањата на светските економски и финансиски пазари влијаат врз остварување на политиките кои што се спроведуваат во Република Македонија. Стабилниот даночен систем кој што не го оптоварува стопанството предизвика континуиран економски раст на Република

Македонија во изминатите години, иако целокупната светска економија бележи економски пад. Меѓународните финансиски институции оценуваат дека Република Македонија води конзервативна политика во однос на задолжувањето што придонесува да постои умерена задолженост во однос на останатите земји од опкружувањето. Значителни средства од Буџетот се издвојуваат за развој на ЕЛС. Поради ниското ниво на задолженост Република Македонија успева да добие заеми со поволни каматни стапки при задолжување на меѓународниот финансиски пазар. Тоа се потврди со еврообврзницата која беше издадена во јули месец 2014 година при што се постигна каматна стапка од 3,97%. Преземените обврски од минатото кои достасуваат за наплата во текот на 2015 година ќе бидат навреме сервисирани. Заштедите на граѓаните во банките континуирано растат и заклучно до месец август 2014 година достигнале ниво од 4,4 милијарди евра. Според листата за глобална конкурентност на светскиот економски форум, Република Македонија се наоѓа на 19 место од вкупно 144 земји. Странските директни инвестиции кои се реализираат во Република Македонија овозможуваат создавање на нова додадена вредност и диверзификација на извозот. Започнати се значајни инфраструктурни проекти кои ќе дадат поддршка на рамномерниот регионален развој.

Беше нагласено дека со Предлог Буџетот на Република Македонија за 2015 година се предвидува економски раст преку реализација на инвестиции во инфраструктурата и подобрување на животниот стандард на населението. Капиталните инвестиции се насочени кон изградба на коридорите 8 и 10, гасификација на земјата, изградба на болници, спортски сали, водоводни системи. Во Предлог Буџетот планирани се значителни средства за државниот универзитет во Тетово со износ од околу 219 милиони денари и 30 милиони денари за Универзитетот на југоисточна Европа што ја покажува спремноста на Владата за подигнување на нивото во високото образование. Се изрази надеж дека и во наредниот период ќе се издвојуваат значителни средства за развој на образованието.

Беше изнесено мислење дека е потребно да се следат случувањата во европските економии имајќи ја предвид поврзаноста на македонската економија со овие економии. Предлогот на Буџетот за 2015 година се разгледува во време кога закрепнувањето на европската економија се одвива бавно. Имено, и во Германија која е најјака европска економија и најголем трговски партнер на Република Македонија се случува стагнација на економскиот раст. За разлика од овие економии, во вториот квартал од 2014 година Република Македонија забележа раст од 4,3%. Во текот на 2014 година остварен е раст на градежништвото од 13,7%, извозот од 13% што е резултат на зголемениот број производствени капацитети. За 2015 година планиран е раст на БДП од 4%, индустриско производство од 4,4%, градежништвото од 7,5%, извозот на стоки 8,5%, а стапката на инфлација се очекува да остане стабилна и да се движи до 2%. Во рамки на вкупните приходи кои се планирани во износ од 163 милијарди денари, даночните приходи изнесуваат над 89 милијарди денари при што најголемо учество има ДДВ. Расходната страна на Буџетот е проектирана во функција на поддршка на растот на македонската економија преку реализација на значајни инфраструктурни проекти и одржување на социјалната сигурност. Социјалните трансфери се проектирани во износ од 82.660.000.000 денари, 325 милиони денари за активни програми за вработување. Предвидени се средства и за редовно и навремено плаќање на обврските по основ на права на социјална заштита на ранливите категории на граѓани пришто се планира зголемување на социјалната помош за 5%. Значајни инвестиции ќе се реализираат и во патната, железничката и енергетската инфраструктура, потоа во образованието, здравството, спортски сали, реновирање на студентските домови, земјоделството и руралниот развој.

Се изрази задоволство што Буџетот на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство за 2015 година е значително поголем во однос на 2014 година. Во изминатите 8 години беше проширена вкупната обработлива земјоделска површина, зголемен е вкупниот обем на земјоделско производство, извозот на земјоделски производи. Земјоделството претставува третиот сектор по важност после индустријата и услугите и за кој Владата на Република Македонија посветува особено внимание за негов понатамошен развој. Беше истакната важноста на Управата за хидрометоролошки работи од аспект на временските промени кои се случуваат во последниот период и ја наложуваат потребата од соочување со последиците од нив. На последната сесија на Генералното собрание на Обединетите нациии главна точка биле климатските промени. Имајќи ја предвид анализата на Светската Банка и ФАО во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што Република Македонија спаѓа во петте држави кои што се најмногу подложни на последиците од климатските промени покрај Албанија, Молдавија, и Кавказките држави, Владата презема мерки за спроведување на препораките од оваа анализа. Активностите се насочени кон регулирање на речните текови, проширување и реконструкција на канализационата мрежа. Во изминатиот период се реализирани или пак во иднина ќе се реализираат повеќе капитални проекти како на пример: браната на Оризарска река, браната Коњско, систем за наводнување на браната од Маркова река, изградба на хидросистемот Рана Речица-Полог, јужна долина на реката Вардар, брана на слупчанска река, хидросистемите Злетовица и Лисиче. Во Буџетот за 2015 година за водостопанство Брегалница се предвидени 667.600.000 денари, изградба на нова брана со акумулација Речани на Оризарска река 600.000.000 денари, санација на браната Пишица 20.000.000 денари, водостопанство Полог 110.200.000 денари, водостопанство Тиквеш 22.750.000 денари, водостопанство Струмичко поле 66.500.000 денари, изградба на мини хидро акумулација-брана Костурино во струмичкиот регион и многу дрги проекти.

Беше изнесено дека јавните финансии претставуваат клучен сегмент на една национална економија, а фискалната стабилност и одржливост неопходни фактори за нејзин развој. Во изминатите години беа реализирани значајни инвестиции во штипскиот регион, а со средствата предвидени во Предлог Буџетот за 2015 година таквиот тренд ќе продолжи. Еден од најважните проекти во овој регион е изградбата и функционирањето на државниот универзитет во Штип кој дава позитивни резултати и придонесува за севкупниот развој. Индустриската зона во Штип, хидросистемот Злетовица, автопатот Штип-Миладиновци и патот Кадрифаково-Велес се значајни проекти. Владата посветува особено внимание за развој на спортот што може да се види од следниве показатели: од 2006-2018 година изградени се и се градата околу 500 спортски објекти, меѓу кои спортски сали, фудбалски игралишта, тениски игралишта. Според усвоената прогарама до 2018 година планирано е да се изградат 120 тениски игралишта од кои значаен дел се веќе завршени, 100 повеќе наменски игралишта, санација на повеќе спортски игралишта. Министерството за образование и наука преку проектот за училишни спортски сали треба да изгради 145 спортски сали од кои 39 се завршени, а останатите се очекува да се изградат во наредниот период. Во текот на 2015 година планирана е изградба на нов објект на факултетот за образование, спорт и здравје што ќе овозможи подобра едукација на овој факултет. Значаен придонес за развој на спортот даваат и стипендиите за млади спортисти како и наградите кои ги добиваат спортистите за остварени значајни меѓународни резултати.

Беше нагласено дека образованието претставува основен предуслов за целокупниот развој на одредена земја. Во изминатите 7 години, Владата даваше значајна поддршка на развојот на образованието. Имено, во делот на инфрастукурата

изградени се 43 основни училишта, 4 средни училишта, 39 училишни спортски сали, отворени се два државни универзитети, реконструкуирани се повеќе основни и средни училишта, 25 нови факултети, опремени се 80 лаборатории, основан е фонд за иновации и технолошки развој. Имплементирани се повеќе концепти за поголема достапност и подобрување на образовниeто како што е концептот за бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование. Обезбеден е бесплатен превоз за ученици коишто посетуваат настава оддалечени повеќе од 2,5 километри од местото на нивно живеење, бесплатен интернет за сите ученици од основното и средното образование и за студентските домови. Донесени се нови наставни програми за предучилишно образование, програми за воспитно-образовна работа и програми за рано учење и развој. Високото образование бележи континуирано унапредување преку отварање на нови дисперзирани студии и унапредување на постојните. Програмите се прилагодени според потребите на општеството и пазарот на труд, за потребите на студентите се реализира проектот за 1000 стручни и научни книги. Овие показатели укажуваат на инвестициите кои се реализираат за развој на образованието во Република Македонија. Со Предлогот на Буџетот за 2015 година ќе продолжи континуитетот за развој на образованието што се потврдува со фактот на зголемување на буџетот на Министерството за образование и наука во однос на 2014 година. Предвидено е изградба и реконструкција на повеќе основни и средни училишта, студентски домови, училишни спортски сали, стипендии за студирање во странство, субвенции за научи проекти кои ќе ги стимулираат научните работници, творечки субвенции итн.

Беше истакнато дека Владата со Предлог Буџетот за 2015 година фокусот го насочува кон креирање на нови работни места, редовна исплата на пензиите и платите за буџетските корисници, редовна исплата на разни категории социјална помош, значителни инвестиции во инфраструктурата итн. Значаен проект претставува отварањето на технолошко индустриската развојна зона во Кичево која ќе придонесе за развојот на овој регион, а за кој во Буџетот за 2015 година се предвидени околу 1 милион денари за уредување на зоната. Се изрази надеж дека во зоната ќе почнат да функционираат повеќе производствени капацитети имајќи ја предвид добрата инфраструктурна поврзаност на Кичево со останатите региони во земјата. Планирана е изградба на браната Бошков мост која ќе овозможи нови вработувања. Во текот на 2015 година пензиите ќе се зголемат за 5%, за проектот банска рекреација за пензионерите се предвидени 42 милиони денари, продолжува проектот за мерки за активно вработување за кој во Буџетот за 2015 година се предвидени 236 милиони денари, зглемување на социјалната помош од месец јуни 2015 година, зголемување од 25% на посебен додаток за материјелно необезбедени лица, надоместок за деца со даунов синдром во износ од 2.620.000 денари, субвенционирање на сметки за електрична енергија на социјално загрозени семејства во износ од 81 милиони денари, реализација на декадата на ромите 10 милиони денари, реализација на проектот за бесплатен туристички викенд за пензионерите.

Беше изнесено дека средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2015 година ќе се користат за развој на повќе области како што се образование, култура, спорт, стопанството, грижа за младите и постарите лица земјоделство и друго. Со него се дава поддршка на растот на капиталните инвестиции преку реализација на значајни проекти меѓу кои изградба и реконструкција на патната и железничката инфраструктура на Коридорот 10, енергетската инфраструктура, односно вложување во гасоводниот систем како и зголемен интензитет во изградба на водоводни и канализациони системи. Децентрализацијата претставува програма преку која се зголемуваат надлежностите на единиците на локалната самоуправа. Со исклучок на општина Пласница, сите останати општини ги финансираат пренесените надлежности

со блок дотации во областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита. Постигнат е висок степен на децентрализација кој што е позитивно оценет од многу меѓународни институции. Во Предлогот на Буџетот за 2015 година се предвидени 14.249.259.000 денари за блок дотации и се за 2% повисоки во однос на Буџетот за 2014 година. Исто така, предвидени се и средства за рамномерен регионален развој кој се спроведува преку Министерството за локална самоуправа. Од вкупниот обем на средства предвидени за рамномерниот регионален развој кои се во износ од 57.666.000 денари, 70% се наменети за реализација на проекти за развој на плански региони, 20% за специфични развојни потреби и 10% за развој на селата. Во текот на 2014 година беа реализирани неколку проекти за рамномерен регионален развој како што се: реконструкција на училишта од општините од вардарскиот плански регион, продолжување со изградбата на колектор за отпадни води на река Брегалница кај Делчево што спаѓа под источниот плански регион, изведба на електрична сигнализација за сообраќајна клучка Макази на патот Битола-Ресен, реконструкција на локален пат до село Свиларе- скопски плански регион, подобрување на патна мрежа во село Доброшинци-југоисточен плански регион и многу други. Значајно е да се истакне дека се реализирани и проекти за прекугранична соработка кои се финансираат со средства од ИПА фондовите и за кои во Буџетот се предвидени средства за национално кофинансирање.

Се нагласи дека Буџетот за 2015 година е за 4,97% поголем од оној во 2014 година со кој ќе се овозможи зголемување на платите на вработените во јавната администрација за 4%, зголемување на пензиите и социјалната помош за 5%. Се очекува раст на БДП од 4% и буџетски дефицит од 3,5%. За реализација на капиталните инвестиции во Буџетот за 2015 година се предвидени 350 милиони евра. Во овој момент во Република Македонија се градат 156 км автопат што претставува показател дека ќе се овозможи економски просперитет на земјата. Се изрази надеж дека со нивната реализација ќе се намали стапката на невработеност во Република Македонија. Буџетот на Министерството за образование и наука од година во година се зголемува со што се овозможува спроведување на низа реформи кои се преземаат во оваа сфера на општествениот живот. Во текот на 2014 година реконструирани се 33 основни училишта и 3 средни училишта, а новоизградени се 3 училишта. Продолжуваат проектите за изградба на монтажни училишта во разни делови од земјата, спортска академија, преводите на странска литература. Во текот на 2014 година беше намален данокот на додадена вредност за училишен прибор од 18% на 5% со што им се излезе во пресрет на потребите на граѓаните. Обезбеден е бесплатен превоз и бесплатни книги за учениците, еден бесплатен ден во неделата за учениците и студентите за посета на театрите. Изградени се повеќе училишни спортски сали за подобро одвивање на наставата, реконструирани се студентски домови, обезбедени се стипендии за студентите, реализација на проектот е-дневник, изучување на македонски јазик на децата на иселениците кои ја напуштиле Република Македонија. Во делот на инфраструктурата предвидени се средства за регионални патишта, меѓу кои позначаен проект е започнување со изградбата на брзиот пат Градско-Прилеп преку Росоман во должина од 28,3 км во вредност од 68 милиони евра. Во изминатите години континуирано се зголемуваат субвенциите во земјоделството со што ќе се стимулира домашното земјоделско производство.

Се истакна дека Буџетот на Министерството за здравство е проектиран на ниво од 5.922.791.000 денари и во однос на 2014 година е зголемен за над 1 милијарда денари. Ова покажува дека здравствениот сектор и понатаму останува еден од главните приоритети на Владата на Република Македонија. Со предвидените средства ќе се овозможи поголема достапност на здравствените услуги, повисок степен на обезбеденост со вакцини, подобро болничко лекување за пензионерите, подобри

здравствени услуги во руралните средини, продолжување со реализација на проектот за електронска здравствена картица. Исто така, со планираните средства во Буџетот на ова Министерство ќе се финансира националната програма за трансплатација, доградбата и реконструкцијата на јавните здравствени установи во Република Македонија со што ќе се подобри здравствената инфраструктура. За изградбата и рекострукцијата на здравствените објекти предвидени се 339 милиони денари кои се речиси двојно повисоки во однос на Буџетот за 2014 година. Дел од овие средства ќе бидат наменети за изградба на институтот за белодробни заболувања на деца-Козле во Скопје, изградба на бункер за линеарен акцелератор во клиничката болница во Битола и Штип, реконструкција и опремување на специјалната болница за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо во Охрид. За изградба на амбуланти во руралните средини предвидени се средства во износ од 2 милиони денари, 43 милиони денари за дијагностички центар во клиничката болница во Тетово. Започната е изградбата на ПЕТ центар и средствата за оваа намена се за три пати зголемени во однос на Буџетот за 2014 година. Предвидени се средства и за иградба на нов клинички центар во Скопје и Штип, набавка на современа медицинска опрема за потребите на здравствените установи со што се подигна нивото на здравствени услуги кои се нудат во нашата земја, специјализација и усовршување на лекарите во многу европски и светски реномирани здравствени центри.

Беше оценето дека Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година е развоен преку кој ќе се реализираат значајни проекти во здравството, образованието, земјоделството, капитални инвестиции, поддршка на малите и средни бизниси. Продолжува реализацијата на проекти во комуналната, патната и железничката инфраструктура која претставува основен предуслов за економскиот развој на земјата. Покрај буџетски средства, за нивна реализација ќе се користат средства и од Светска банка, ЕБОР, КФВ банката и други меѓународни финансиски институции. Ќе продолжи реконструкцијата на коридорот 10 при што за патниот дел се предвидени 55,2 милиони евра, а за железничкиот дел 21,3 милиони евра. Во тек е изградбата на автопатот Демир Капија-Смоквица во должина од 28,2 км во вредност од 210 милиони евра, автопатот Миладиновци-Штип во должина од 47 км со вредност од 206 милиони евра, автопатот Кичево-Охрид во должина од 57 км со вредност од 374 милиони евра, реконструкција на автопатот Велес-Катланово во должина од 23,5 км со вредност од 5,7 милиони евра. Во 2015 година е предвидено да започне изградбата на автопатот Требениште-Струга во должина од 8,5 км со вредност од 45 милиони евра, реконструкција на автопатот Смоквица-Гевгелија во должина од 10 км со вредност од 7 милиони евра, реконструкција на патот Куманово- Миладиновци во должина од 23 км во вредност од 16 милиони евра, изградба на патот Штип-Кочани, Охрид-Пештани, реконструкција на магистралниот пат Битола-Ресен-Буково, започнување со изградба на брзиот пат Прилеп-Градско преку Росоман и Дреново во должина од 28,3 км во вредност од 68 милиони евра и повеќе регионални патишта. Во Предлогот на Буџетот за 2015 година се издвојуваат значајни средства за развој на културата и реализација на значајни проекти како што се заштитата на културното наследство и промоција на културното богатство на Република Македонија, поттикнување на културниот туризам, поддршка на проекти кои се од национален интерес, за издавачката дејност, изградба на манастирот Трескавец во Прилеп и други проекти.

Се изнесе дека во изминатиот период се изврши урбанизација на земјиште со намена за изградба на хотели во општината Дебар, водоснабдување на општина Тетово, изградени се делови од водоснабдителни системи за населени места Скудриње во општината Маврово-Ростуше и Нераште во општина Теарце, изградени се канализациони системи во повеќе општини, санација на свлечиште во село Ѓермо, општина Тетово, изградба на потпорни ѕидови во населено место Зајас во општина

Зајас, завршено е реновирањето на судските згради на основните судови во Тетово и Гостивар, санација на затворот во Тетово, започна со работа државниот универзитет во Тетово. Во општина Дебар беа изградени социјални станови, конзервација на Шарената џамија. Моментално во Република Македонија се реализират значајни инфраструктурни проекти како што се: автопатиштата Демир Капија-Смоквица, Миладиновци-Штип, Кичево-Охрид, реконструкција на автопатот Велес-Катланово кој е дел од Коридорот 10, автопатот Велес-Штип до Кадрифаково, надградба на патот село Могорче, санација на мостот Мелнички. Во текот на 2015 година се очекува да започне изградбата на патот од село Гари до Извор и други локални патишта кои ќе ги задоволат реалните потреби на граѓаните од реканскиот регион.

Беше нагласено дека одржувањето на макроекономската стабилност преку реализација на умерен економски раст е основна ориентација и цел на макроекономската политика на Република Македонија за 2015 година. Имајќи ги предвид случувањата во европските економии и економиите на земјите од опкружувањето, се оцени дека целосно се исправни заложбите на Владата на Република Македонија за 2015 година да предвиди умерен економски раст преку спроведување на активна економска политика во земјата. Предвиден е раст на БДП од 4%, индустриското производство од 4,4%, градежништвото од 7,5% како резултат на реализацијата на значајни инфраструктурни проекти, земјоделството од 2,5% и услужниот сектор од 3,3%. Буџетскиот дефицит за 2015 година е проектиран на ниво од 3,5%. Средствата предвидени во Буџетот ќе бидат наменети за реализација на низа проекти како што се: коридорот 10, железничката инфраструктура, изградбата на депонии за интегриран систем за управување со отпад во Полошкиот и Источниот регион, развој на земјоделството, натамошен развој на процесот на децентрализација. Владата посветува значајно внимание на изградбата и реконструкцијата на локални патишта, реконструкција на мостови и свлечишта и развој на гасоводниот систем во земјата, средства за железничката инфраструктура со што ќе се овозможи безбеден сообраќај за патниците. Во Буџетот за 2015 година предвидени се 158 милиони денари за доизградба на хидросистемот Злетовица. Станува збор за повеќенаменски систем и неговата реализација се одвива во повеќе фази. Првата фаза чија цел беше да обезбеди вода за пиење за околу 100.000 граѓани е веќе завршена. Приврщува изработката на техничката документација за втората и третата фаза. Со реализација на втората фаза од овој хидросистем е предвидено наводнување на земјоделска површина од околу 4.500 хектари, а со третата фаза е предвидено изградба на хидроцентрали на злетовска река за производство на електрична енергија. Реализацијата на трите фази ќе придонесе за економски развој на овој регион. Значителни средства се предвидуваат и за земјоделството и руралниот развој со што ќе се подобри конкуренцијата, се дава поддршка за формирање на земјоделските задруги, за спроведување на процесот на децентрализација.

Беше изнесено дека фискалната политика претставува показател за напорите на Владата на Република Македонија за одржување на макроекономската стабилност и остварување на позитивни стапки на економски раст. Последиците од светската економска криза се почувствуваа и во Република Македонија што резултираше со пад на македонската економија и остварување на негативни стапки на раст. Остварениот раст од околу 4% во првата половина од 2014 година дава надеж дека и во наредната година ќе се реализираат значајни капитални инвестиции кои ќе овозможат економски раст. Предложениот буџет ќе овозможи изградба на патна инфраструктура, изградба и реконструкција на основни и средни училишта, студентстки домови, спортски објекти, детски градинки, јавни здравствени установи. Предвидени се средства за зголемување на платите на вработените во јавната администрација, пензиите и социјалната помош што ќе резултира и со пораст на личната потрошувачка. Во изминатиот период беа

реализирани значајни инвестиции во здравствениот сектор и тој тренд ќе продолжи и во текот на 2015 година. Очекуваниот раст од 4% за 2015 година ќе овозможи намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Се нагласи дека основна цел на секоја Влада е да обезбеди економски развој и благосостојба за своите граѓани. Предлогот на Буџетот за 2015 година е развоен и покрива повеќе области од општественото живеење. Предвидени се доволно проекти и средства за нивна реализација. Имено, во текот на 2015 година ќе продолжи изградбата и реконструкцијата на основните и средните училишта, изградба на факултет за информатички науки и компјутерско инжињерство во Скопје за кој се предвидени 123 милиони денари, факултетот за физичка култура, училишни спортски сали во износ од 200 милиони денари, реновирање на студентските домови кои се наоѓаат во лоши услови за што во Буџетот за 2015 година се предвидени 46 милиони денари и 5 милиони денари за нивно опремување. Предвидени се стипендии за студирање во странство што ќе овозможи студирање на 100-те најдобро рангирани универзитети во светот, продолжува проектот научни субвенции за објавување на научни трудови. Во изминатите години неколкукратно е зголемен бројот на објавени научни трудови од страна на нашите научни работници што влијае на подигнување на рангот на нашите универзитети во светот. Во разделот на Министерството за здравство предвидени се 60 милиони денари за изградба и реконструкција на ЈЗУ во Република Македонија. Во текот на 2014 година започната е реализацијата на значајни проекти како што е детската болница за белодробни заболувања во Козле која што изминатите години функционираше во несоодветни услови. Исто така, започната е реконструкцијата на јавната здравствена установа психијатриска болница-Скопје која добиваше критики за условите за престој кои постојат во оваа установа. Во 2015 година се планира почеток со изградбата на клиничкиот центар во Скопје, клинички центар во Штип, доизградба на ПЕТ центарот кој ќе се користи за дијагностицирање на малигните заболувања, набака на медицинска опрема, изградба на амбуланти во руралните средини, имплементација на електронската здравствена картица, дијагностички центар во Тетово, здравствена заштита на лицата со болести на зависност.

Беше истакнато дека со Предлогот на Буџетот за 2015 година ќе продолжи спроведувањето на мерките за намалување на сиромаштијата. Со стратегијата за економски развој се создаваат услови за подобрување на бизнис климата и поддршка на приватниот сектор. Во делот на Министерството за труд и социјалната политика предвидени се низа проекти за социјална заштита, за ранливите групи лица, децата и возрасните со социјален ризик. Исто така предвиден е проект за самовработување со кредитирање кој ќе им помогне на лицата кои што сакаат да започнат сопствен бизнис и кои ќе може да вработат и други лица. Максималниот износ на кредитирање за овие лица е до 3.000 евра со грејс период од 1 година и каматна стапка од 1% со рок на враќање од 2 години. Во периодот од 2008 до 2013 година со овој проект биле опфатени 5.219 лица и се реализирани 2.945 вработувања. Потребна е поголема промоција на овој проект за подобро запознавање на граѓаните со можностите кои ги нуди. И во 2015 година ќе продолжат проектите за подобрување на семејствата со социјален ризик. Особена поддршка се дава на децата без родители кои наполнуваат 18 години со цел да им се реши станбеното прашање. Опфатени се и лицата со инвалидитет пришто се формирани дневни центри за различни категории на ранливи лица на кои им се дава различна помош. Со донесување на Стратегијата за спречување на семејното насилство 2012-2015 година формирани се советувалишта за родители и деца кои се жртви на семејнотио насилство, отворени се центри за жртвите од семејно насилство, советувалишта за сторители на семејно насилство во рамки на јавните установи при центрите за социјална работа во Република Македонија,

формирани се патролни социјални центри. Се изрази надеж дека во 2015 година ќе заврши изградбата на интернатот при основното училиште „Гоце Делчев“ во село Љубанци, доршувањe на конаците во манастирот во село Љубанци и реконструкција на одморалиштето во општина Бутел.

Се истакна дека во Предлогот на Буџетот за 2015 година предвидени се значителни средства за рурален развој, изградба на хидросистеми, подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства. За субвенции во земјоделството се издвоени 140 милиони евра кои ќе бидат наменети за поддршка на земјоделците и создавање на ефикасен и конкурентен земјоделски сектор и зголемување на извозот на земјоделски производи. Владата на Република Македонија со формирањето на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во континуитет го стимулира развојот на земјоделството, руралните средини, рибарството и аквакултурата. Значајни средства за развој на земјоделството се користат и од програмата ИПАРД која е дел од европските фондови. Буџетот на Агенцијата е проектиран во функција на успешна имплементација на програмите за финансиска поддршка согласно растечкиот број на пристигнати апликации за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Субвенциите овозможуваат директни плаќања по обработлива површина за сите полјоделски култури по 9.000 денари од хектар како и дополнителна поддршка од 3.000 денари по хектар за сончоглед и ориз и 3.000 денари по хектар доколку се користи сертифициран семенски материјал, односно дополнителни 1.000 денари за фуражни култури. Субвенциите за градинарското производство на отворено и пластеници ќе се движат до максимални 30.000 денари по хектар, додека за оранжериското производство субвенциите ќе изнесуват до 90.000 по хектар. Во овоштарството, во зависност од видот на овошните насади, ќе се исплаќаат до 90.000 денари по хектар како и дополнителни средства за предадени овошни култури во преработувачките капацитети. Субвенциите во сточарството ќе се доделуваат до 2.800 денари по грло и поддршка за произведено и предадено млеко во висина од 3,5 денари по литар. Во 2015 година Владата ќе покрива 60% од осигурителната полиса за овошни и лозови насади, житни и градинарски култури. Општина Валандово има користено средства за руралниот развој како што е изработката на урбанистичките планови за населените места Калково, Горна Мала, Јосифово и Раброво во вредност од над 4,5 милиони денари со што се создаваат развојни перспективи за овие населени места. Предвидена е реализација на втората фаза на системот за наводнување на јужната долина на реката Вардар. Во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика се предвидени средства за градежни работи и адаптација на дневен центар за деца со посебни потреби во Валандово во висина од 2.960.000 денари.

Беше нагласено дека при разгледување на Буџетот на една земја потребно е да се имаат предвид и економските случувања во нејзиното непосредно опкружување. Една од мерките кои ги презела Република Хрватска за справување со последиците од економската криза било намалување на платите на администрацијата. Но, по одреден период анализите покажале дека ваквата мерка влијаела врз намалување на потрошувачката и пад на економијата. Слична состојба има и во Република Србија каде што се намалуваат платите и пензиите и се отпуштаат вработени од администрацијата. За разлика од овие земји, во Република Македонија е предвидено покачување на платите и пензиите, а се намалува и стапката на невработеност. Во Предлог Буџетот за 2015 година предвидени се средства за реализација на проекти во образованието, здравството, културата, земјоделството, социјалната политика и друго. Моментално се одвива градежна експанзија при што се градат локални и регионални патишта и автопатишта кои ќе придонесат за економски развој. Мерките за вработување придонесуваат да се спречи одливот на млад кадар од Република

Македонија. Блок дотациите кои се доделуваат од Буџетот овозможуваат унапредување на услугите кои ги нудат општините. Од Буџетот се издвојуваат средства за доделување поволни кредити за малите и средните претпријатија со што се стимулира домашната економија. За потребите на младата популација значаен проект е преводот на книги кои претставуваат бисери на светската литература, но и достапноста на програми од најреномираните универзитети во светот. Намалена е партиципацијата за студирање со што истото стана достапно за поголем број на млади лица. Посебен придонес за развој на економијата даваат технолошко-индустриски развојните зони преку креирање на работни места и диверзификација на производството. Во месец август 2014 година започна изградбата на ТИРЗ во Струга, се гради автопат и други проекти. Предвидена е санација на фудбалското игралиште во село Мороишта, изградба на тениско и повеќенаменско игралиште во Струга, реализација на низа проекти од областа на културата.

Се истакна дека во првата половина од 2014 година беше остварен раст на БДП од 4%, за што придонес има растот на градежништвото, индустриското производство и зголеменото производство во ТИРЗ. Бројот на вработени лица во првата половина од 2014 година е за 2% поголем во споредба со истиот период од 2013 година. Во 2015 година се очекува натамошно намалување на невработенста за што значаен придонес има отварањето на ТИРЗ во повеќе градови од државата, но и креирањето услови за развој на домашниот бизнис. Ќе продолжи изградбата на автоаптиштата во источниот дел на Република Македонија што ќе придонесе за привлекување на странски инвестиции. Исто така е предвидена и изградбата и реконструкцијата на повеќе локални патишта во овој регион. Планиран е почеток на изградбата на патот Делчево-планина Голак со што ќе се поттикне развојот на туризмот, пречистителна станица за отпадни води во општина Македонска Каменица, изградба на детски градинки, училишта, дневни центри за лица со посебни потреби итн. Од големо значење за источниот дел на државата е почетокот на изградбата на клиничкиот центар во Штип. Значајни средства се издвојуваат за културните институции во општина Пехчево, а таквиот тренд ќе продолжи и во 2015 година.

Беше изнесено дека во услови кога економиите на земјите од нашето опкружување се соочуваат со низа проблеми, Предлог Буџетот на Република Македонија за 2015 година предвидува раст на БДП од 4%. Политиките кои ги спроведува Владата на Република Македонија овозможуваат одржување на фискална стабилност. Фискалната политика е во функција на одржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економскиот раст. Забележливо е континуираното зголемување на средствата за реализација на капиталните инвестиции кои ќе придонесат за развој на економијата и подобрување на животниот стандард на населението. Во делот на железничката инфраструктура предвидени се средства во износ од 1.311.000.000 денари, изградба на железничка пруга на Коридорот 10 и источниот дел од пругата на Коридорот 8 кон Бугарија. За енергетската и комуналната инфраструктура се предвидени средства во износ од 2.015.000.000 денари меѓу кои изградба на гасоводниот систем кој ќе придонесе за енергетска стабилност на Република Македонија. Буџетот на Министерството за здравство за 2015 година изнесува 5.922.791.000 денари од кои 1.488.000.000 денари претставуваат капитални инвестиции во овој сектор.Основна цел на Министерството за здравство претставува подобрување на здравствените услуги за граѓаните. За превентивните програми на ова Министерство предвидени се средства во износ од 438 милиони денари, се предвидуваат средства за континуирана медицинаска едукација на македонските лекари.

Се истакна дека во текот на на 2015 година се очекува продолжување на позитивните економски движења во Република Македонија. Социјалните трансфери во

Буџетот за 2015 година се проектирани на ниво од 82.660.000.000 денари со кои се опфатени и ефектите на политиките за поддршка на пензионерите и корисниците на социјалната помош. Просечната пензија во февруари 2014 година изнесуваше 12.445 денари што претставува зголемување од 62% во споредба со просечната пензија во 2006 година кога изнесуваше 7.683 денари. Еден од најдобрите проекти кој што е наменет за пензионерите е бањско-климатската рекреација кој започна со реализација во 2010 година и заклучно со 2013 година услугите од овој проект ги искористија вкупно 22.155 корисници на пензија. Во 2014 година беа опфатени 5.500 корисници, а истиот ќе продолжи и во текот на 2015 година. За бесплатен туристички викенд за пензионерите се предвидени 8 милиони денари. Во делот на социјалните трансфери планирани се средства за социјален надоместок во случај на невработеност. Приоритет на Владата претставува грижата за најранливите категории на граѓани. Со проектот субвенционирање на сметки за електрична енергија на социјално загрозени семејства во 2014 година биле издвоени 79 милиони денари и истиот ќе продолжи да се спроведува и во 2015 година за што се предвидени 81 милиони денари. Исто така предвидени се средства за бесплатен одмор и рекрација на 3.000 деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток. Се издвојуваат буџетски средства и за проектот бесплатна рехабилитација и рекреација на деца и младинци со пречки во развојот и телесен инвалидитет за 1.000 корисници кој ќе се реализира во текот на 2015 година. Нова мерка која ќе се спроведува од идната година е надоместокот на деца со даунов синдром во износ од 2.620.000 денари. За проектот сместување во згрижувачки семејства се предвидуваат средства повисоки за 25%, а исто зголемување се предвидува и за надоместокот за материјално необезбедени лица. Износот на средствата за правото за посебен додаток за корисниците самохрани родители кои имаат дете со специфични потреби и кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години во Буџетот за 2015 година ќе се зголеми за 50%.Значителни средства се издвојуваат и за помош на децата без родители како и за имплементација на програмата Декада на ромите, изградба на детски градинки во повеќе населени места во Република Македонија.

Се оцени дека Предлогот на Буџетот за 2015 година е реален и е во согласност со потребите на граѓаните. Меѓу позначајните проекти во кумановскиот регион кои се планира да се реализираат е автопатската делница Куманово-Миладиновци во должина од 23 км во износ од 16 милиони евра, изградба на патна делница Коњух-Бељаковце во должина од 3км во вредност од 30 милиони денари, проектот за осветлување на клучки и раскрсници со кој ќе се овозможи соодветно обележување на влезовите и излезите во Куманово. Предвидено е довршување на локалниот пат од Куманово до Романовце, изградба и реконструкција на железничката пруга Куманово-Бељаковце во должина од 30,8 км, водоснабдување и одведување на отпадни води, изградба на социјални станови во општина Куманово. Во рамки на енергетскиот сектор се предвидува реконструкција на 110 кw далновод Скопје 1-Куманово1, потоа проекти за развој на туризмот во кумановскиот регион. Постои потреба од реконструкција на хидросистемот Кумановско-Липковско поле кој се наоѓа во дотраена состојба и создава значајни загуби. Предвидена е изградба на зафат на река Пчиња за мал хидросистем во атар на селото Пчиња. Со изградбата на браната на Слупчанска река ќе се обезбедат дополнителни 6-7 кубни метри која може да се користи во критичните периоди во годината. Предвидена е и изградбата на локалниот пат Клечовце-Зебрњак, изградбата на нов пат Никуљане-Челопек, изработка на урбанистички план за село Романовце, санација на повеќе основни училишта, стипендии за спортски таленти и други проекти.

Беше изнесено дека во првото и второто тромесечие од 2014 година Република Македонија има остварено најголем раст на БДП во Европа. И во 2007 и 2008 година

беа оставрени високи стапки на раст од 5% и 6% пред појавата на светската економска криза. Треба да се земат во предвид негативните показатели за европските економии, од причина што можат да влијаат врз македонската економија и да претставуваат дополнителен предизвик за остварување на проектираните стапки на раст посебно ако се земе во предвид дека од вкупниот македонски извоз 38% е насочен кон Сојузна Република Германија, која во вориот квартал од 2014 година бележи економска стагнација, а слична е состојбата и кај останатите најголеми трговски партнери на Република Македонија. Вкупниот извоз од ТИРЗ заклучно со месец август изнесува 750 милиони евра. Во Република Македонија е започнат процес на трансформација на индустриското производство приштo се произведуваат финални производи со висока додадена вредност. Позитивно беше оценета географската дисперзираност на новите производствени капацитети кои ги отвараат странските инвеститори во повеќе градови на Република Македонија со што се овозможува остварување на рамномерен регионален развој. Проектот за ви-фи точки ќе продолжи и во наредната година со што ќе се овозможи бесплатен интернет за 680 рурални средини во Република Македонија, понатаму проектите барометар на квалитет, обука на административните службеници, менаџмент на работна етика, анкета на вработените во државната администрација, креирање на стандарди за професионални компетенции, платформа за интернет обуки на македонски и англиски јазик, едукација на населението во руралните средини, културни информативни зони, систем за електронско управување со документи и други. Во разделот на Министерството за правда предвидени се 31 милион денари за реформа на судството, од кои за опремување на новата судска зграда-Кривичен суд 10 милиони денари, а остатокот за изведување на градежни работи. По неколкугодишното намалување на Буџетот на Министерството за одбрана поради економската криза, за 2015 година е предвидено зголемување на средствата за ова Министерство. Започнати се градежните работи за адаптација на детската градинка во село Оризари-Кочани, градежни работи за реконструкција на детската градинка во село Истибања општина Виница, градежни работи и набавка на опрема за адаптација на објект за дневен центар за стари лица во село Облешево, општина Чешиново-Облешево, набавка на опрема за детска градинка во општина Карбинци, како и рализацијата на неколку инфраструктурни проекти.

Се изнесе дека Буџетот за 2015 година е реален и развоен има капитална и социјална компонента и ќе овозможи економски развој и отворање на нови работни места. Резултатите од досегашните владини економски политики се показател дека со Буџетот ќе бидат остварени зацртаните цели за поддршка на реалниот сектор и подобрување на стандардот на граѓаните. Предлогот на Буџетот за 2015 година е проектиран на раст од 4 % на БДП, инфлација од 2 % и буџетски дефицит од 3,5 %. Вкупните приходи за следната година се проектирани на 163,280 милиони денари, а расходите на 181,777 милиони денари. Реални се проекциите за раст на градежништвото од 5,5 % поради реализација на крупни инфраструктурни проекти и најавените инвестиции во технолошко индустриските развојни зони и слободните зони. Покрај градежништвото уште една многу важна гранка е и земјоделството за кои се предвидува раст од 2,5 %, а во услужниот сектор раст од 3,3 %. Во наредннта година се очекува раст од 2,7 % за нови вработени лица, што пак придонесува за континуирано намалување на стапката на невработеност која во 2014 година изнесуваше 28 %. Со исправните политики посветени на економскиот развој оваа стапка е намалена за 10 %, а ќе продолжи да се намалува и наредната година бидејќи се очекува отворање на нови работни места во реалниот сектор. Владата во континуитет ги зголемува платите, пензиите и социјалните надоместоци за ранливите категории на граѓани. Во услови кога сите останати земји во регионот истите ги намалуваат, во Република Македонија и во 2015 година ќе продолжи трендот на раст на овие примања, без притоа да се

зголемат стапките на даноци и да се оптовари стопанството. Ова е показател дека Владата води добри економски политики. Освен во патната инфраструктура во 2015 година ќе продолжи интензивина изградба на водоводни и канализациони системи во голем број на општини. Планирани се средства за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, реконструкција на студенските домови, изградба и реконструкција на објектите за детска заштита, реконструкција на јавни здравствени установи. Во областа на здравството освен изградбата на Клиничката болница Мајка Тереза во Скопје, Клиничката Болница во Штип и ПЕТ Центарот особено значајна е доизградбата на Клиничкиот центар во Тетово кој ќе претставува регионален здравствен центар кој е од интерес за сите граѓани од овој регион. Се истакна значењето на отварањето на Технолошко индустриската зона во Тетово која ќе обезбеди отварање на нови работни места за граѓаните кои живеат во овој регион. Владата на Република Македонија и АД ЕЛЕМ ќе вложат 130 милиони евра во спортскиот центар Попова Шапка, со цел негово заживување и привлекување на туристи. Преку изградба на нова жичарница, ски лифтови, сместувачки капацитети и паркинг места се очекува Попова Шапка да прерасне во регионален центар за спортски туризам.

Беше изнесено дека во Република Македонија во последните неколку години во континуитет се вложува во руралните средини, со цел да се обезбеди рамномерен регионален развој, како и да се обезбедат основни егзистенцијални услови за живот (водовод и канализација, електрична енергија, патишта, амбуланти, аптеки), со цел граѓаните да останат да живеат во селата и да не се отселуваат во градовите поради подобра егзистенција. Се истакна дека во Струмица , Ново село и Босилово има многу проекти за кои се обезбедени средства од Програмата за рурален развој а се однесуваат на изградба на водоводи и канализации, асфалтирање на улици нови паркови, локални патишта, плоштади и шеталишта и други проекти кои ќе ги подобрат условите живот на сите граѓани. Истовремено Владата продолжува со политиката на поддршка на земјоделството и финансиските средства проектирани со Буџетот за 2015 година за оваа намена се двојно поголеми споредено со 2014 година. Континуирано се зголемуваат финансиските средства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвидени се капитални инвестиции во износ од 2,013 милиони денари.

Буџетот претставува основен инструмент на економските политики на една Влада преку кој се реализираат проектите кои треба да обезбедат економски раст и подобрување на животниот стандард на граѓаните. И покрај постојаните обвинувања на опозицијата дека оваа Влада води погубни економски политики, се повеќе меѓународни финнансиски институции изјавуваат дека Република Македонија е лидер во регионот во однос на спроведување на економските политики, особено ако се има во предвид влијанието на светската економска и должничка криза. Во услови на криза во многу земји се отпуштаа работници, се намалуваа платите, пензиите, социјалната помош и субвенциите, додека во Република Македонија преку преземање на соодветни економски мерки Владата успеа да ја намали стапката на невработени, а со Буџетот за 2015 година да обезбеди и средства за зголемување на платите на вработените во јавната администрација за 4%, пензиите и социјалната помош за 5%. Ова се показатели дека македонската кономија се движи во позитивна насока. Во Буџетот за 2015 година вкупните приходи се проектирани на ниво од 163,280 милиони денари, додека расходите на ниво од 181,777 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 3,5% од БДП. Ова ниво на буџетски дефицит се смета за разумно и оптимално. Одржувањето на оптимално ниво на дефицит во услови кога значителни износи на средства се наменети за инфраструктурни инвестиции и социјална заштита на граѓаните ќе има позитивно

влијание на економскиот раст на земјата. Во 2015 година се планира раст на БДП за 4%, додека стапката на инфлација е проектирана на 2%. Се очекува раст на градежништвото, индустријата, преработувачката индустрија, услужните дејности и земјоделството. Во 2015 година во Разделот на Министерството за одбрана планирани се 92 милиони евра, во Министерството за внатрешни работи 155,6 милиони евра, во Министерството за финансии 24,1 милиони евра, во Министерството за правда 6 милиони евра, во Министерството за економија 10,8 милиони евра, во Министерството за транспорт и врски 53,8 милиони евра, во Министерството за труд и социјална политика 555,5 милиони евра, во Министерството за здравство 96,3 милиони евра, во Министерството за култура 5,6 милиони евра и во Министерството за локална самоуправа 5,7 милиони евра.  Во Буџетот за 2015 година се одвоени 344 милиони евра за капитални инвестиции. Освен реализацијата на трите големи автопати, планирана е реализација и на крупни инфраструктурни објекти во областа на образованието, здравството, комуналната инфраструктура, земјоделието итн. За изградба на Коридорот 10 ќе се вложат 3,4 милиони денари, за зафати на железничката инфраструктура планирани се 1,311 милиони денари, за водоводна мрежа и пречистителни станици планирани се 1,765 милиони денари, за гасификација 258 милиони денари, за инфраструктурни зафати општините од буџетот ќе добијат 600 милиони денари, за изградба на јавни здравствени установи планирани се 530 милиони денари, за изградба и реконструкција на детски градинки планирани се 138 милиони денари, за изградба и реконструкција на основни училишта 600 милиони денари, за спортски објекти 595 милиони денари, за лабаратории 360 милиони денари итн. Зголемениот инвестиционен циклус кој во континуитет се одвива во последните неколку години ќе продолжи и во 2015 година и истиот ќе влијае на подобрување на животниот стандард на сите граѓани на Република Македонија.

Се изнесе дека Владата и во наредната година ќе продолжи со активната економска политика и во Република Македонија се очекува продолжување на позитивните економски движења, предвиден реален раст на БДП од 4%, раст на индустриското производство од 4,4%, раст на градежништвото од 7,5%, на земјоделството од 2,5% , зголемувањe на извозот за 8,5 % , како и зголемување на вработеноста за 2,7 %. Буџетот за 2015 година ги опфаќа сите сегменти од општеството и тоа: стопанството, образованието, здравството, социјалата, културата, земјоделието, спортот, пензионерите, учениците, студентите, социјално ранливите категории на граѓани итн. За здравствениот сектор се планирани околу 1,488 милиони денари кои што ќе го продолжат континуитетот на вложувања за реализација на крупните проекти во областа на здравството, изградба на нови болници, реконструкција на јавни здравствени установи, доопремувањето со соодветна опрема и довршување на реформите во здравството. Политиките на Владата се насочени кон обезбедување на здравствени услуги за сите категории на граѓани, подобра и поголема достапност на здравствените услуги за населението и целосно здравствено осигурување на населението.  Министерството за здравство има за цел во следните години со здравствено осигурување да го покрие целото население на Република Македонија без разлика на која структура на осигурување припаѓаат или дали се или не се осигурани.  Продолжува и изградбата на амбулантите во руралните средини со цел и на овие граѓани да им се овозможи еднаков третман во добивање на здравствените услуги. Посебно беше истакнато значењето на Регионалната клиничка болница во Штип и Клиничката болница во Тетово, бидејќи долг временски период Клиничкиот центар во Скопје беше единствениот центар каде се лекуваа граѓаните од целата територија на државата. Истиот беше преоптеретен со пациенти кои често пати не можеа навремено да ги добијат потребните услуги. Двете нови клиники во Штип и Тетово ќе претставуваат регионални клинички центри кои ќе обезбедат здравствени

услуги за граѓаните од овие региони. Исто така посебно е значајно вложувањето на буџетски средства во превенција на кардиоваскуларни болести, систематски прегледи, рана детекција на малигни заболувања, лекување на болести на зависности, како и на Националната програма за трансплантација. Во Министерството за здравство се повеќе се одвојуваат средства наменети за едукација на лекари и друг медицински персонал во странство, како и за носење на странски експрти во Македонија за да ги едуцираат нашите лекари.

Се изнесе дека Буџетот за 2015 година е развоен и најмногу се зголемени расходите за социјални трансфери, односно за зголемување на платите во јавниот сектор, пензиите, социјалната помош, но и за капитални инвестиции. Продолжува вложување во здравствениот сектор, односно изградба и реконструкција на болници и други здравствени установи, а не изостануваат и инвестициите во образованието. Младите, условите во кои се школуваат,квалитетните програми за учење како и во изминатите години, ќе бидат приоритет на Владата и во 2015 година. Во 2015 година се предвидени 140 милиони евра за субвенции во земјоделието. За капитални инвестиции се предвидени вкупно 21,209 милиони денари. Владата продолжува со поддршката на домашните и странските инвеститори како и со обезбедување на услови за отворање на мали и средни бизниси. Во Буџетот за 2015 година се обезбедени 340 милиони евра кои ќе бидат наменети за континуиран развој и обновување на патната, железничката инфраструктура. Како најголеми капитални инвестиции од оваа област се изградбата на Коридорот 10, експресни патишта долж Коридорот 10, реконструкции на голем број на мостови, средствата издвоени за комуналната инфраструктура, односно водоводна мрежа, пречистителни станици итн. Исто така значителни средства се предвидени за развојот на општините и гасификацијата, како и најважното за економскиот развој доизградбата на технолошко-индустриските развојни зони. Сите овие капитални вложувања на средства од Буџетот за наредната година ќе придонесат за подобар економски раст во државата.

Се изнесе дека за капитални проекти од областа на културата, во Буџетот за 2015 година се предвидени 3,626 милиони денари. Зголемувањето на средствата во Министерството за култура, пред се се однесува на Управата за заштита на културно наследство, каде што преку посебна програма се предвидени средства за археолошки истражувања и заштита на археолошки локалитети. Министерството за култура и во 2015 година ќе продолжи да ги финансира проектите од национален интерес во културата што ги распоредува согласно Законот за култура со објавување конкурс. Ќе се воспостават и културно информативни зони, со кои преку информатичко комуникациските технологии ќе се презентира и промовира богатото културно наследство на Република Македонија. Информативни табли, ќе бидат поставени пред најмалку 100 знаменитости, споменици, црвки, археолошки локалитети. Со следење на упатствата на таблите преку интернет домашните и странските туристи ќе може да добијат повеќе информации за локалитетите.

Се изнесе дека доколку се анализира Предлогот на Буџетот за 2015 година може да се заклучи дека истиот има силна развојна компонента, односно одржување на високо ниво на капитални инвестиции. Тоа е резултат на добрите економски политики на Владата во изминатите години, бидејќи со капиталните проекти и инвестиции во значајна мера се помага на градежништвото и индустријата во Република Македонија. Тоа претставува основа на порастот на Бруто домашниот производ. Во Буџетот за 2015 година е предвидена реализација на значајни инфраструктурни проекти, односно изградба на автопати, регионални и локални патишта, реконструкција на железничките линии и слично. Исто така ќе се реализираат проекти во делот на изградба на болници и клинички центри. Предвидени се инфраструктурни инвестиции во образованието, изградба на основни и средни училишта, спортски сали итн. Сите овие проекти ќе

бидат во корист на граѓаните на Република Македонија и ќе влијаат за понатамошниот развој на стопанството. Буџетскиот дефицит е планиран на ниво од 3,5 % од БДП и истиот е понизок споредбено со Буџетот за 2014 година. Одржувањето на ваквото умерено ниво на дефицит во услови кога значителни средства се наменети за инфраструктурни проекти и обезбедување на високо ниво на социјална заштита, позитивно ќе влијае на забрзување на економскиот раст во државата. Поддршката на домашната економија е повеќекратна и се реализира во доменот на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци. Просечниот раст во 28 земји од ЕУ во изминатите неколку години е 0,8%, додека во Република Македонија истиот изнесува повеќе од 3%. Во услови на светска економска и должничка криза Владата на Република Македонија преку одржување на здрави политики кои не го оптоваруваат стопанството, односно одржување на ниски даночни стапки успева да ги зголемува платите, пензиите и социјалните трансфери. Во Буџетот за 2015 година предвидени се средства за навремено исплаќање на обврските по основ на правата од социјалната заштита на најранливите категории на граѓани во кој е вкалкулирано и зголемувањето за 5%, започнувајќи со исплатата од месец јуни 2015 година. Истовремено зголемени се средствата за субвенции во земјоделството кои ќе обезбедат негово натамошно зајакнување, ќе создадат услови за ефикасен и конкурентен земјоделски сектор, а со цел зголемување на извозот на македонските земјоделски производи и освојување на нови пазари. Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвиден е и зголемен обем на капитални инвестиции кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми за подобрување на конкурентноста. Во однос на вложувањата во енергетската и комуналната инфраструктура предвидени се повеќе активности. Предвидено е интензивирање на активностите на изградбата на гасоводниот систем. Исто така ќе се продолжи и со интензивирана динамика во однос на изградбата на водоводните и канализационите инфраструктурни мрежи во општините. Обезбедени се средства и за доуредување на Технолошко индустриските развојни зони преку изградба на потребната инфраструктура и објекти, како и вршење на потребните геомеханички и други работи.

Се изнесе дека Буџетот претставува исклучително важен документ кој покажува какви економски политики води една Влада. Најголемиот дел од приходите во Буџетот околу 66 % се остваруваат по основ на даноци и во 2015 година проектираните приходи по овој основ се за 150% повисоки од истите во 2005 година, што во услови на ниски даночни стапки претставува показател за успешната даночна политика која ја води оваа Влада. Истовремено доколку се анализираат буџетите од изминатите години може да се заклучи дека приходите по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување во континуитет бележат пораст, што укажува на тоа дека се зголемува бројот на вработени во државата, но исто така се зајакнува и дисциплината во однос на пријавување на работниците и плаќање на придонеси за здравствено и пензиско осигурување. Во 2015 година се предвидува намалување на невработеноста за 2,7%, односно стапката на невработеност ќе изнесува 26%. Факт е дека ова е сеуште висока стапка на невработеност, но треба да се има во предвид дека во 2005 година истата изнесуваше 39%. Се истакна дека приходите по основ на казни и глоби во Буџетот за 2015 година изнесуваат 0,01% од вкупниот буџет, додека во 2005 година изнесуваа 0,5%. Оттука неприфатливи се тврдењата на опозицијата дека оваа Влада води репресивни политики врз граѓаните и стопанството. Во Буџетот за 2015 година за капитални проекти предвидени се 21,209 милиони денари. Продолжуваат инвестиционите вложувања во патната и железничката инфраструктура, енергетските објекти, националниот гасовод, водовод и канализација за општините, изградба на објекти во областа на здравството, образованието, спортот, детската заштита итн. Истовремено се обезбедуваат средства за зголемени плати на вработените во јавната

администрација, зголемување на пензиите и социјалните надоместоци за социјално ранливите категории, како и средства за поддршка на функционирањето на постојните дневни центри и народни кујни. Владата на Република Македонија и во Буџетот за 2015 година има планирано средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија на најзагрозените категории на граѓани.

Беше изнесено дека основна цел на Владата на Република Македонија е подобрување на животниот стандард на граѓаните преку отварање на нови работни места, зголемување на платите, пензиите, социјалната помош и субвенциите за студентите и земјоделците. Во функција на зголемување на економскиот раст е и изградбата на инфраструктурата во земјата и тоа преку подобрување на патната мрежа, комуналната инфраструктура, водоводната мрежа и изградба на енергетски објекти. Цел на секоја Влада е да обезбеди подобри здравствени услуги преку изградба и реконструкција на јавните здравствени установи и набавка на потребната опрема. Владата на Република Македонија во Буџетот за 2015 година има планирано средства кои се потребни за зголемување на квалитетот на здравствените услуги како услов за поздрава нација. Во насока на подобрување на образовниот систем во Буџетот за 2015 година планирани се средства за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, изградба и реконструкција на училишни спортски сали, опремување на лабаратории, изградба и реконструкција на студентските домови и подобрување на студентскиот стандард. Во Буџетот за 2015 година за капитални проекти предвидени се 21,209 милиони денари. Значителен износ на средства се издвојува за реализација за доизградба на Коридорот 10, на делницата Демир Капија-Смоквица. Истовремено, во 2015 година ќе продолжи реализацијата на патниот правец Миладиновци-Штип кој е од исклучителна важност за граѓаните кои живеат во источниот дел од Република Македонија.

Се истакна дека во изминатите години Владата реализираше значајни проекти кои се од интерес на граѓаните меѓу кои: обезбедената визна либерализација за граѓаните на Република Македонија, набавка на медицинска опрема за јавното здравство, компјутер за секое дете, намалени даноци, зголемени плати за вработените во администрацијата и социјална помош, изградени 149 водоводни мрежи, 178 канализациони мрежи, 149 фекални и 29 атмосферски мрежи, нови 49 изградени основни и средни училишта, реконструирани 241 училишта, изградба на детски градинки и социјални станови, изградени локални и регионални патишта, доделени субвенции во земјоделството. Стратешка цел на Владата претставува остварувањето на економскиот раст и зголемување на вработеноста како предуслов за подобрување на животниот стандард на граѓаните. Економската политика која ја спроведуваше Владата во изминатиот период се базира на два столба и тоа зголемување на обемот на капитални инвестиции и привлекување на странски директни инвестиции. Предуслов за привлекувањето СДИ беше креирањето поволна бизнис клима преку водење политика на ниски даноци и развој на ТИРЗ во повеќе градови. Се спроведоа реформи во повеќе области кои што позитивно беа оценети од меѓународните институции. Клучни цели кои треба да се постигнат со политиките кои ги спроведува Владата се зголемување на производството и извозот, намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните, развојот на земјоделството и заштита на ранливите категории граѓани. Во првиот квартал од 2014 година беше остварен раст на БДП од 3,9% благодарение на растот на градежништвото од 13,7%, индустриското производство од 4,5%, преработувачката индустрија од 10,3%, услужните дејности од 2,9% и земјоделството од 1,6%. Во првата половина од 2014 година извозот е зголемен за 13,2%, додека увозот е зголемен за 6,8%. Заначајно е да се истакне промената на структурата на производите кои се извезуваат, а тоа се производи со висока додадена вредност. Странските директни инвестиции изнесуваат

147 милиони евра во истиот период. Предлогот на Буџетот за 2015 година ќе даде поддршка на стопанството и е креиран за задоволување на потребите на граѓаните. Предвидено е покачување на платите за вработените во администрацијата, пензиите и социјалната помош, раст на БДП од 4%, инфлација од 2%, буџетски дефицит од 3,5%, субвенции во земјоделството во износ од 140 милиони евра, значајни инвестиции во патната и железничката инфраструктура, изградба на водоводни и канализациони системи, гасоводнен систем, јавни здравствени установи, ПЕТ центар, детски граднки, опремување на лаборатории, хидросистеми и други развојни проекти.

Се изнесе дека во услови на светска економска криза, Република Македонија остварува позитивни стапки на економски раст. Иако во повеќето европски економии беа покачени даночните стапки, Република Македонија го воведе концептот на рамен данок со најниско ниво на даночни стапки. Во рамки на данокот на додадена вредност во последниот период повеќе производи беа префрлени на повластена даночна стапка од 5% меѓу кои училишен прибор и производи наменети за бебињата кои се од ограмна важност за многу семејства во Република Македонија. Стапката на невработеност во последните години започна континуирано да се намалува и во моментов изнесува околу 28%. За наредниот период е предвидено покачување на платите, пензиите и социјалната помош, зголемување на капиталните инвестиции. Во делот на образованието се предвидуваат значајни инвестиции во трите сегменти: основно, средно и високо образование како и инвестирање во научно-истражувачката дејност. Особено значајни се доделените стипендии за студирање во странство на престижните светски универзитети со што ќе им се овозможи да се стекнат со најсовремени познавања од разни области. Изградбата на автопатот Скопје-Свети Николе-Штип ќе придонесе за развој на овој регион од Република Македонија. Во тек е изградбата на локалниот пат до Мавровица, а предвиден е и пристапен пат до археолошкиот локалитет Била зора во село Кнежје, пат од село Анзибегово до село Црнилиште, инвестирање во водоснабдителни и канализациони системи. Еден од капиталните проекти кој беше изграден во минатиот период е системот за наводнување Немањици во Светиниколскиот регион.

Се изнесе дека вкупните приходи во Предлогот на Буџето за 2015 година се планираат на ниво од 163.280.000.000 денари, а вкупните расходи на ниво од 181.777.000.000 денари што ќе резултира со остварување на буџетски дефицит од 3,5% кој е понизок во споредба со 2013 година кога изнесуваше 3,9%. Поддршката на домашната економија се реализира преку капиталните инвестиции, социјалните надоместоци и субвенциите. Во Предлогот на Буџетот за 2015 година предвидени се средства за капитални инвестиции во износ од 21.609.000.000 денари со кој се опфатени неколку проекти и тоа: Коридорот 10, гасификацијата, изградба на болниците, спортски сали, водоводни и канализациони системи. Во текот на 2015 година предвидено е зголемување на пензиите за 5% почнувајќи со исплатата на септемвриската пензија. За субвенции во земјоделството предвидени се 140 милиони евра кои ќе овозможат зголемување на земјоделство производство и зголемување на извозот. Исто така, предвидено е уредување на ТИРЗ преку изградба на потребната инфраструктура за што ќе се издвојат 553 милиони денари од Буџетот. Стапката на инфлација се очекува да се задржи на стабилно ниво и истата е предвидено да изнесува 2%, стабилност на девизниот курс на денарот во однос на еврото во функција на одржување стабилно ниво на цените како главна цел на монетарната политика. Во Буџетот за 2015 година планирани се средства за изградба на пат до граничниот премин Опае-Белановце во должина од 16,5 км во износ од 412 милиони денари, реконструкција и проширување на регионалниот пат Арачиново-Липково во должина од 27 км во износ од 399 милиони денари, клучката во Брвеница со износ од 61,5 милиони денари, за патот Куманово-Черкези-Арачиново во должина од 18 км предвидени се 12

милиони денари, Кондово-Радуша 15,1 км во износ од 28 милиони денари, Сарај-Тетово во должина од 30 км во износ од 17 милиони денари, Тетово-Попова Шапка со должина од 20 км во износ од 20 милиони денари, Гостивар-Пирок во должнина од 15 км и износ од 30 милиони денари, Гостивар-Србиново 14,6 км во износ од 10 милиони денари, влезот во Кичево од двата правца 70 милиони денари, излезот од Кичево 17 милиони денари, завршување со изградбата на пречистителната станица во Зајас, водовод во Липково, станица за третирање на отпадни води во Сарај, водовод во Тетово, уредување на каналот во Арачиново. Во делот на образованието за државниот универзитет во Тетово од Буџетот на Република Македонија за 2015 година ќе се издвојат 219.274.000 денари, за спортска сала во државниот универзитет во Тетово, изградба на средно училишта во Сарај. Во делот на здравството предвидени се средства за изградба на ПЕТ центарот во Скопје, општата болница во Кичево, клиничката болница во Тетово како и нејзино опремување. Во делот на земјоделството предвидена е изградбата на браната за акумулација и системот за наводнување во село Брвениште во износ од 30 милиони денари, браната за акумулација на Тајмишка река во општина Зајас, микроакумулација во село Црнилиште во износ од 21 милион денари. Во областа на културата предвидени се средства за театарот и библиотеката во Тетово, реконструкција на албанскиот театар во Скопје, довршување на плоштадот Скендербег. Во областа на туризмот се предвидува обновување на Националниот парк Шар Планина. Се предвидува развој на ТИРЗ во Тетово, Кичево и Струга.

Беше истакнато дека Предлогот на Буџетот за 2015 година претставува одраз на економските политики кои ги спроведува Владата. Со предвидените средства во Буџетот опфатени се различни категории на граѓани и сегменти од општествениот живот. Владата води континуирана грижа за сите граѓани на Република Македонија давајќи посебен акцент на реализацијата на проекти кои се наменети за најранливите категории на граѓани. Во Буџетот за 2015 година предвидено е да се реализираат повеќе проекти за заштита на децата, лицата со посебни потреби, корисниците на социјална парична помош и за пензионерите. Во текот на 2014 година започната е изградбата и реконструкцијата на детски градинки и нивно опремување во различни плански региони на Република Македонија меѓу кои: опремување и адаптација на детската градинка во општина Ѓорче Петров во износ од околу 4,5 милиони денари, започнати се градежни работи на детската градинка во населено место Припор, општина Кисела Вода, детска градинка во општина Дојран, детска градинка во општина Босилово, детска градинка во село Истибања, општина Виница, набавена е опрема за дневен центар за лица со оштетен вид во населбата Кисела Вода, опрема за потребите на домот за деца без родители „11 Октомври“ во Скопје, градежни работи за адаптација на дневен центар за деца со оштетен вид во Скопје, започната е изградбата на дневен центар за деца со аутизам во Штип. Во Буџетот за 2015 година за проекти за детска и социјална заштита предвидени се 2,1 милион денари повеќе во однос на 2014 година пришто ќе бидат изградени детски градинки во повеќе општини меѓу кои : Кривогаштани, Карбинци, Јегуновце, Виница, Кисела Вода, Липково, Чешиново-Облешево и Сарај. Исто така, предвидени се средства за поддршка на постојните дневни центри и средства за покривање на трошоците за електрична енергија за најзагрозените категории на граѓани.

Се изнесе дека во услови кога многу земји од регионот па и пошироко се соочуваат со зголемување на невработеноста, налалување на платите и пензиите и зголемување на јавниот долг, во Република Македонија благодарение на соодветните економски политики на Владата во 2015 година се очекува економски раст од 4%, зголемување на платите на вработените во јавната администрација, пензиите и социјалната помош за ранливите категории на граѓани. Доколку се анализира Буџетот за 2015 година може да се забележи дека истиот содржи развојна и социјална

компонента. Значајно е да се спомене дека покрај продолжувањето на изградбата на неколку крупни транспортни инфраструктурни проекти продолжува реализација на проекти во канализационата, водоводната и енергетската структура, здравствениот сектор и образованието. За изградба и реконструкција на ЈЗУ планирани се средства во износ од 530 милиони денари, а особено значајна е реализацијата на Клиничката болница Мајка Тереза во Скопје, Клиничката Болница во Штип и Тетово и ПЕТ Центарот. За изградба на комунална инфраструктура во општините, односно на водоводни и канализациони системи планирани се 1,765 милони денари, додека за гасификација ќе се вложат 260 милиони денари. Во Буџетот за 2015 година планирани се средства и за изградба и реконструкција на објекти во областа на образованието, детската заштита и спортот, за училишта, студентски домови, детски градинки, спортски сали и терени за спорт и рекреација. Во Буџетот за 2015 година планирано е и уредување на Технолошко индустриските развојни зони и за оваа намена планирани се 553 милиони денари. Во Буџетот за 2015 година планирани се средства за изработка на студија за лов и ловен туризам во Република Македонија. Од исклучително значење е изработката на ваква студија и за да има повеќе проекти во областа на шумарството и ловството потребно е во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се повеќе да се подготвуваат проекти за развој на овие дејности кои потоа ќе бидат реализирани со буџетски средства. Позитивните движења на пазарот на трудот се очекува да продолжат и во 2015 година, при што се очекува зголемување на бројот на вработени за 2,7%, со што невработеноста ќе достигне стапка од 26%. Заложбите на Владата за привлекување на странски директни инвестиции и понатаму ќе влијае на отворањето на нови работни места и намалување на невработеноста. Буџетот на Република Македонија за 2015 година ќе обезбеди развој на целата територија и подобрување на животниот стандард на сите граѓани.

Се изнесе дека Владата на Република Македонија во континуитет ги зголемува пензиите и со Буџетот за 2015 година повторно е планирано зголемување од 5% за разлика од периодот кога една друга владеачка гарнитура ги намали пензиите и тие беа двојно пониски. Во Буџетот за 2015 година повторно се планирани средства за изградба и реконструкција на водоводна, канализациона мрежа и пречистителни станици во сите општини на територијата на Република Македонија во износ од околу 1,7 милиони денари, планирани се средства за изградба на локални патишта со цел подобрување на патната инфраструктура во општините, 172 милиони денари се наменети за изградба и реконструкција на основни училишта, додека 65 милиони денари за изградба и реконструкција на средни училишта во сите општини, над 1 милијарда денари се наменети за изградба и реконструкција на ЈЗУ во општините, 200 милиони денари за училишни спортски сали, 8 милиони денари за изградба на пешачка патека околу Мавровското Езеро.

Се изнесе дека Буџетот за 2015 година претставува документ од чија имплементација ќе зависи во која насока ќе се движи македонската економија во следната година. Креирањето и проекцијата на Буџетот за 2015 година е врз основа на економските движења и остварениот раст во тековната 2014 година. Граѓаните може да бидат сигурни дека Република Македонија и во наредната 2015 година ќе остварува позитивни стапки на економски раст и развој. Се укажа дека во Буџетот за 2015 година расходите за исплата на плати изнесуваат 397,5 милиони евра, додека капиталните расходи изнесуваат 344,9 милиони евра. Расходите за исплата на плати се повисоки од капиталните расходи, но споредено со буџетите во претходните години кои ги проектираше сегашната опозиција кога расходите за исплата на плати беа трипати повисоки од расходите за капитални инвестиции може да се заклучи дека оваа Влада проектира и реализира развојни буџети. Во 2015 година ќе продолжат инвестициите во патната инфраструктура( изградбата на три големи автопати), а од исклучително

значење е и гасификацијата која ќе придонесе за подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Од исклучителна важност за сите граѓани е и изградбата на повеќе регионални и локални патни правци кои ќе решат проблемите и на граѓаните, но и на бизнис секторот во однос на секојдневната комуникација. Се истакна дека особено важни се проектите на Владата и ЕЛС во областа на образованието. Овие вложувања ќе продолжат и во текот на 2015 година во функција на помодерен, поефикасен и подостапен образовен систем. Во следната година обезбедени се средства за бесплатни учебници, бесплатен ученички превоз, адаптацијата и преводот на кембриџ програми,изградба и реконструкција на основни и средни училишта, спортски сали итн. Истовремено беше потенцирано зголемувањето на пензиите за 5%, како и останатите бенефиции кои ги добиваат пензионерите, а се финансирани со буџетски средства, како што е бесплатниот автобуски превоз, престој во бањи со цел да се подобри квалитетот на нивниот живот.

Беше истакнато дека проекциите на Буџетот за 2015 година обезбедуваат поддршка на македонската економија која ќе се реализира во доменот на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци. Приходите се проектирани во услови на задржување на ниски даночни стапки кои придонесуваат за стимулирање на бизнисот, јакнење на даночната дисциплина и спречување на нелојалната конкуренција. Со овој Буџет се предвидува зголемувања на платите, пензиите и социјалните трансфери што ќе обезбеди социјална сигурност и стабилност и подобрување на животниот стандард на граѓаните. И покрај сите овие зголемувања буџетот ќе остане во зоната на финансиска стабилност, односно буџетскиот дефицит нема да биде повисок од 3,5% од БДП. Со Буџетот за 2015 година предвидени се средства за субвенции во земјоделието во вкупен износ од 140 милиони евра наменети за поддршка на земјоделието, со цел создавање на услови за изградба на ефикасен и конкурентен земјоделски сектор, негова успешна интеграција во ЕУ и зголемување на извозот на македонските земјоделски производи. Во Буџетот за 2015 година планирани се средства за унапредување на здравствениот систем во износ од 23,513 милиони денари и истите се зголемени за 1,3 милиони денари во однос на 2014 година. Се планира изградба и реконструкција на ЈЗУ, воведување на модернизирана и современа опрема со цел подигнување на квалитетот на здравствените услуги за сите граѓани. Продолжува и изградбата на амбуланти во руралните подрачја со цел да се подобрат условите за здравствена зашита на граѓаните кои живеат во овие средини, но и намалување на трошоците за пристап до здравствените услуги. Изградбата на овие амбуланти ќе влијае да се намали морталитетот на населението, да се подобри квалитетот на живеење и да се запре процесот на миграција од село во град. Во текот на 2015 година ќе продолжи и проектот за имплементација на електронска здравствена картичка. Особено значајно е што се предвидува болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери чија пензија е пониска од 12.000 денари. Истовремено треба да се истакне и воведувањето на целосно здравствено осигурување, односно за лицата кои досега не биле осигурани по ниту еден основ во Буџетот за 2015 година за здравствена заштита се обезбедени 2 милијарди денари.

Се посочи дека Буџетот на Република Македонија за 2015 година е многу значаен документ кој ги засега сите граѓани на земјата а кој ќе се рефлектира во текот на следната година. Особено важно е колку од програмите и проектите во Буџетот се остваруваат во текот на една календарска година. Децентрализацијата односно пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт, како и подобрувањето на капацитетите во општините се едни од најзначајните проекти кои треба да се спроведуваат, а истовремено тие претставуваат и приоритет на Охридскиот рамковен договор. Спроведувањето на децентализацијата во голема мерка зависи од пристапот до финансиските средства особено во областите како што

се: културата, здравството и детската заштита. За тоа како се спроведува децентрализацијата има голем број позитивни и негативни примери. Беше посочен примерот со справувањето на општините со новите надлежности за менаџирање со градежното земјиште кога средствата од продажба на градежното земјиште од државната каса се прелеваат во општинските буџети, почнувајќи од 2005 година кога 100 % од средствата од продажба на градежното земјиште беа приход во Буџетот на Република Македонија до денешните состојби кога 80 % од средствата од продажба на градежното земјиште се приходи на општините. Сепак продажбата на градежното земјиште се попречува од Министерството за транспорт и врски преку давање согласности за донесување на Генерални или Детални урбанистички планови. Со цел земјоделското земјиште да се трансформира во градежно потребно е да се донесат урбанистички или детални планови со кои повеќето од општините се соочуваат со потешкотии. Исто така со донесувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во 2011 година на општините им се овозможи да прибираат средства преку легализација на диво изградените објекти во нивните општини. Со овие финансиски средства ЕЛС треба да партиципираат во подобрувањето на образованието, културата како и во детската и социјалната заштита во своите општини. Успешната примена на фискалната децентрализација на локалната самоуправа обезбедува развиени, одговорни и функционални општини кои ги приближуваат граѓаните до нив. Се укажа дека средствата кои ги добиваат општините по основ на данокот за додадена вредност во висина од 3-4 % е мал и во иднина треба да се зголеми, затоа што овие средства ќе бидат во функција на развој на општините. Тој побара поголема поддршка и соработка на општините со ЗЕЛС со цел надминување на овие проблеми. Позитивните проекти интегрирани во Предлог Буџетот на Република Македонија за 2015 година, а кои се однесуваат на превземените мерки за намалување на сиромаштијата. Добро би било во иднина повеќе да се работи на зајакнување на економскиот развој на општините и владењето на правото. Особено значајно е подобрување на деловната клима во општините за развој на приватниот сектор како и реформа во јавната администрација со цел подобро искористување на средствата од ИПА фондовите. На тој начин ќе се овозможи да дојде до побрзо остварување на стратешките цел на Република Македонија преку отпочнување на преговорите за членство во ЕУ. Исто така од исклучително значење е развојот на човечките ресурси, руралниот и регионалниот развој, унапредување на животната средина како и развојот на информатичката технологија. Во однос на образованието во средните училишта се посочи дека постојат проблеми во врска со ислатата за средства за превоз на учениците.

**Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по следните амандмани поднесени на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година од овластени предлагачи:**

1) Амандман во Раздел 02001 Програма 2, Потпрограма 20, во првата потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" во ставката 483 и во Раздел 02001 во Програмата 2, Потпрограма 22, во првата потколона од колоната "Расходи на Основен буџет за 2015 година" во ставката 481 поднесен од пратениците Рафис Аљити, Светлана Јакимовска, Илија Димовски, Рамиз Мерко, Фатмир Имероски и Зоран Илиоски, под архивски број (07-3444/2);

Амандманот го образложи пратеникот Светлана Јакимовска .

**Со овој амандман се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “за” го усвои амандманот.**

2) Амандман во Раздел 13001 Програма 2, за додавање на нова Потпрограма 2Ј, Категорија 48 и ставка 482 по Потпрограмата 2В, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” и во Раздел 04002, Програма 1, Потпрограма 1Б во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/9);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “против” не го усвои амандманот.

3) Амандман во Раздел 13001 Програма 2, за додавање на нова Потпрограма 2Г, Категорија 48 и ставка 482 по Потпрограмата 2В, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” и во Раздел 04002, Програма 1, Потпрограма 1Б во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/10);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “против” не го усвои амандманот.

4) Амандман во Раздел 16001 Програма 6, Потпрограма 60, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/4);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “против” не го усвои амандманот.

5) Амандман во Раздел 16001 Програма Т, Потпрограма ТИ, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во

ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/3);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “против” не го усвои амандманот.

6) Амандман во Раздел 18010 Програма 9, Потпрограма 92, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/5);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 9 гласа “против” не го усвои амандманот.

7) Амандман во Раздел 18010 Програма 9, Потпрограма 93, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 464 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/6);

Предлагачот го повлече овој амандман.

8) Амандман во Раздел 19001 Програма 1, Потпрограма 1А, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/7);

Амандманот го образложи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 8 гласа “против” не го усвои амандманот.

9) Амандман во Раздел 19001 Програма 6, Потпрограма 69, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 425 и во Раздел 04002 во Програмата 1, Потпрограма 1Б, во првата потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2015 година” во ставката 482,

поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број (07-3444/8);

Предлагачот го повлече овој амандман.

**Комисијата за финансирање и буџет согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија го проследи Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година на натамошна постапка.**

За известител на седницата на Собранието, Комисијата го определи пратеникот Крсто Мукоски.

**Претседавач со седницата на**
**Комисијата за финансирање**
**и буџет**
Крсто Мукоски